МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# СТРАТЕГИЈА

# ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020

Скопје, август 2017 година

СОДРЖИНА Страна

ВОВЕД ....................................................................................................3

ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА НА СИСТЕМОТ ЗА
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ..............................................5

ДЕЛ I: СТРАТЕШКА РАМКА ....................................................................8

ВИЗИЈА ....................................................................................................8
СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ..........................................................................8
СТРАТЕШКИ ПРИНЦИПИ НА ДЕЛУВАЊЕ ..............................................9
ОСНОВНА СТРАТЕШКА ЦЕЛ ..................................................................12
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ДО 2020 .........................................................12
ПРИСТАПИ ВО ИНТЕРВЕНЦИИ ..............................................................13
НАЦИОНАЛНИ ПРИОРИТЕТИ ................................................................14
1. ОТВОРЕНА ЕФИКАСНА ЗАКОНСКА РАМКА ......................................14
2. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ............14
3. ОБРАЗОВАНИЕ ВО БЗР .......................................................................15
4. СОВЕТ ЗА БЗР .....................................................................................16
5. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ....................................16
6. ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ ................................17
7. ПРЕВЕНЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ, БОЛЕСТИ
ВО ВРСКА СО РАБОТАТА И ПОВРЕДА ПРИ РАБОТАТА ................ .....17
8. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ..................................................................19
9. ИНДИКАТОРИ И ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ ВО БЗР .......................19
10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ...............................................................20
КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ..........................................................................21
МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ ...................................22
ФИНАНСИРАЊЕ..........................................................................................22

ДЕЛ II: СТАРТЕШКА ОСНОВА ЗА ПОДДРШКА ...........................................23

2.1АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ..............................................................................23
2.1.1 СОСТОЈБА СО СТОПАНСТВОТО ВО РМ ................................................23
2.1.2 МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И
ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ..............................................................................28
2.1.3 НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОБЛАСТА НА
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ...................................................30
2.1.4 ДРЖАВНИ АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ .....................................32
2.1.5 ИНДИКАТОРИ ВО МЕДИЦИНАТА НА ТРУДОТ – ИНДИКАТОРИ
НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ...............................................38
2.1.6 СТРУЧНИ ЛИЦА И ПРАВНИ СУБЈЕКТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА
РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА...............................45
2.1.7 СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ ВО БЗР ..........................................................49
2.1.8 ОБРАЗОВАНИЕ .......................................................................................53
2.1.9 ПРОМОЦИЈА НА БЗР , КАМПАЊА, ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА ДЕНОТ НА БЗР ......................................................................................61

# СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020

„ ЗДРАВИ РАБОТНИЦИ НА БЕЗБЕДНИ И ПРОДУКТИВНИ РАБОТНИ МЕСТА!“

**Со Акцискиот план за безбедност и здравје при работа на Република Македонија за 2015 година, усвоен од Владата на РМ (март 2015), за еден од најважните актуелни приоритети посочена е изработка на новата Стратегија за безбедност и здравје при работа со Акцискиот план.**

**За оваа акција, за надлежна институција (предлагач) е назначено Министерството за труд и социјална политика, а на Националниот совет му е доверена задачата за координирање на активности во подготовката на Стратегијата за безбедност и здравје при работа со Акцискиот план, понатаму дефинирана како Стратегија за БЗР 2020.**

## ВОВЕД

Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020, се надоврзува и базира на претходни стратешки документи во областа на безбедност и здравје при работа во Р.Македонија како што се Националната Стратегија за безбедност и здравје при работа 2011-2015 година со Акциските планови за 2011-2012, 2013-2014 година и Стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност на работа во Република Македонија 2006-2010 година, со што се обезбедува континуиран развој на националниот систем на безбедност и здравје при работа како и негово прилагодување кон актуелните социо-економски трендови во државата.

Стратегијата за безбедност и здравје при работа (БЗР) ја носи Владата на Република Македонија, врз основа на член 4 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен. весник на Република Македонија“ бр. 92/07) дефинирајќи ги основните стратешки насоки за развој на безбедност и здравје при работа во Република Македонија. Оваа обврска е содржана и во МОТ Конвенцијата бр. 155 (чл.4) на Меѓународната организација на трудот (МОТ), директивите на Европската унија (ЕУ) и е дел од активностите врзани за ЕУ интегративните процеси на Република Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ.

Економска и социјална рамка на Република Македонија како земја-кандидат за членка во Европската унија, бара осовременување и континуиран развој на системот на безбедност и здравје при работа како и негово прилагодување кон европските норми и директиви, но и секако кон актуелните социо-економски трендови на општествениот прогрес во државата.

*Стратегијата за безбедност и здравје при работа се темели на фактот дека чувањето и унапредувањето на здравјето на работниците е едно од основните човекови права и предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во претпријатијата.*

# ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Националниот совет за БЗР, ја подготви Информацијата за евалуација на реализацијата на Акцискиот план за БЗР за спроведување на Стратегијата за БЗР 2011-2015 година и донесе генерален заклучок дека голем број предвидени и планирани активности се успешно реализирани, со конкретни резултати. Постигнатите резултати ја потврдија вредноста на интер-секторска работа и партнерство на клучните партнери, во подобрување на знаење и свесноста за БЗР во заедницата, изградба на хумани ресурси во областа како и развој на БЗР легислативата, хармонизирана со ЕУ регулативата со што се истакнати до сега реализираните позитивни цели во БЗР во државата. Но, истовремено со евалуацијата се издвоија критичните точки во системот за БЗР во Република Македонија, на кои треба да се работи поинтензивно во наредниот период и кои претставуваат слаба алка во системот за БЗР во државата.

Евалуацијата на Стратегијата за БЗР 2011-2015 ја потврди потребата за долготраен конзистентен процес на понатамошно подобрување и унапредување на системот на БЗР во Република Македонија, со вложување континуирани напори за постигнување на поставените цели. Евалуацијата ја истакна и важноста на развој и континуиран мониторинг на ефективноста на процесот на имплементацијата кој бара вклучување не само на државата и нејзините регулатори туку и соработка на сите заинтересирани страни во доменот на безбедноста и здравје при работа.

Оваа стратегија треба да обезбеди понатамошен план на делување во областа на безбедноста и здравје при работа, преку интер-секторски активности, водени пред се од Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Државниот инспекторат за труд, со поддршка на Министерството за здравство и преку социјален дијалог и развој на партнерства со претставници на работниците, работодавачите и нивните организации, како и експертската и професионална заедница. Со Стратегијата во наредниот период, треба да се посочат и дефинираат националните политики и планови за имплементација на стратешките цели на ЕУ, СЗО и МОТ во доменот и да се создадат соодветни механизми и законски рамки за нивна имплементација, мониторинг и евалуација.

[1]Оценка на состојбата на системот за безбедност и здравје при работа како и нацрт предлогот за изработка на Стратегијата за БЗР до 2020 ги изработи Националниот совет за БЗР во тек на 2015/2016 година.

<u>**Меѓународни документи**</u> на кои се базира Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 се:

- Ратификувани МОТ Конвенции: Конвенцијата на МОТ бр.81, (1947год.), Конвенцијата на МОТ бр.155 (1981год.), Конвенцијата на МОТ бр.161 (1985год.), Конвенцијата на МОТ бр.167 (во 1988год.), Конвенцијата на МОТ бр.187 (2006год.) и други.

- **ЕУ стратешка рамка за здравје и безбедност при работа 2014-2020**, ги истакнува клучните стратешки цели за делување во Европска Унија, во наредниот период во доменот на БЗР.

- **Европски столб на социјални права** (*The European Pillar of Social Rights*) април 2017 год. (принцип бр.10 е и правото на **„здрава, безбедна и соодветно-прилагодена работна средина“**.)
- Агенда за одржлив развој на Обединети нации 2030, со дефинирани 17 цели за одржлив развој ( ЦОР бр.8) (United Nations, 2015)
- **„Здравје 2020:Европска политичка рамка за поддршка на акција на владата и општеството за здравје и благосостојба“ преточена е во националната политика Здравје 2020 (World Health Organization, 2012)**

- **СЗО Глобален Акциски план за здравје на работниците 2008**-стратешки документ на Светска здравствена организација кој го промовира новиот јавно-здравствен пристап со одговорноста на сите општествени чинители за здравјето на работниците.

- **Извештајот на Европската комисија на Р.Македонија, во делот на БЗР (поглавје 3.19), ноември, 2015; ноември, 2016 година**

<u>**Национално законодавство**</u> **во областа на безбедност и здравје при работа** која претставува база за стратешка рамка во системот на БЗР, и вклучува повеќе законски прописи:

Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за работни односи, Закон за инспекција на трудот како и голем број подзаконски акти.(Дел II Стратешка основа за поддршка)

*Компонентите на Стратегијата се прикажани на посебен дијаграм.*

*Дијаграм бр.1*




*Стратегијата за БЗР 2020 има нов концепт со кој документот се состои од два дела:*

1. Дел I: Стратешка рамка,
2. Дел II: Стратешка основа за поддршка[1]

[1] За имплементација на Стратегијата ќе се подготви Акциски план за спроведување на Стратегијата за БЗР

# ДЕЛ I СТРАТЕШКА РАМКА

## Стратешката рамка се состои од:

- **Визија**
- **Стратешки пристап**
- **Принципи**
- **Основна цел**
- **Очекувани резултати**
- **Интервенции**
- **Национални приоритети**
- **Клучни предизвици**
- **Мониторинг, евалуација и известување**

***Визија***

- Визија заедно со долгорочните резултати обезбедува стратешка насока.

**Визија на Стратегијата за БЗР 2020 е здрави работници на безбедни и продуктивни работни места!**

„Здрави“ подразбира физичко и психичко здравје и социјална благосостојба.

„Безбедни и продуктивни“ подразбира работни места со оптимална ефективност и ефикасност кои не го оштетуваат здравјето на луѓето на работа и создаваат додадена вредност.

Визијата на Стратегијата треба да е реална и остварлива. За нејзино целосно остварување неопходно е учество на сите клучни партнери во процесот на БЗР, преку партнерство во акција. Работодавачи, работници и нивните фамилии, професионалци од областа на безбедност и здравје на работа, претставници на синдикати, организации на работодавачи, Владини агенции, релевантни министерства, универзитетите - сите мора да бидат вклучени!

***СТРАТЕШКИ ПРИСТАП***

Стратегијата се заснова на пристапот на „цела Влада“ со вклучување на сите министерства, агенции, Владини тела - синергија на интер-секторските тела формирани во рамките на извршната власт и пристапот на „цело општество“ со вклучување на сите сегменти во заедницата (бизнис заедница, синдикати, експертска заедница, граѓански сектор, универзитети и други образовни институции, професионални асоцијации, НВО, локална самоуправа, сите граѓани) со промоција на

единствениот одговор и интегративната димензија во управување на системите за БЗР, насочени кон двете клучни точки на делување: работници и работа.

*Работници*

- Сите работници без разлика на нивната работа, односно работното место имаат право на безбедна и здрава работна средина

*Работа*

- Здрава, безбедна и добро дизајнирана работа ќе им овозможи на работниците во Република Македонија поголема ефикасност и продуктивност на нивните работни места

**Стратегијата за безбедност и здравје при работа** се темели на фактот дека чувањето и унапредувањето на здравјето на работниците е едно од основните човекови права, вградено во Уставот на Република Македонија како и во националната легислатива од областа на безбедност и здравје при работа и претставува предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во претпријатијата.

## *СТРАТЕШКИ ПРИНЦИПИ НА ДЕЛУВАЊЕ*

При утврдување на целите и активностите на оваа стратегија користени се одредени основни принципи, кои ќе водат и насочуваат и во процесот на имплементација на предложените мерки и активности.

### *Принцип на превенција*

Активности во врска со безбедност и здравје при работа треба да се насочат кон превенција на професионални болести, болести во врска со работа и повреди при работа. Најголем број заболувања и повреди кои се во врска со работата можат да бидат превенирани, па превенција е најисплатлив начин на заедницата за решавање на прашањата од безбедноста и здравје при работа.

### *Принцип на промоција*

Зголемување на свесноста на заедницата и општеството за важноста на примена на мерките за безбедноста и здравје при работа со промотивни активности.

### *Принцип на одговорност*

Работодавачите имаат примарна одговорност за безбедноста и здравје при работа. Тие имаат обврска да обезбедат и гарантираат безбедност на работниците и да ги вклучат во сите прашања врзани за безбедност и здравје при работа. И работниците имаат одговорност кон сопственото здравје и безбедност при работа преку активностите на своите работни места. Имајќи го предвид јавно здравствениот пристап кон здравјето на работниците, државата исто така има одговорност за креирање, спроведување и развој на прогресивни, хумани и одржливи политики за БЗР.

### *Принцип на вклученост*

Само вклучување на сите чинители во системот на безбедност и здравје при работа може да доведе до подобрување во областа на безбедност и здравје на работното место и работната средина: работници, работодавачи, стручни лица, претставници за БЗР во претпријатијата и компаниите, државни органи, претставници на работниците за БЗР, синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат во претпријатијата и компаниите или претставник на вработените доколку не е формиран синдикат во претпријатијата и компаниите, организации на работници и работодавачите, служби за медицина на трудот, професионални асоцијации, универзитети и други образовни институции. Тоа пристапот на „цела Влада“ и пристапот на „цело општество“ треба да го обезбедат во пракса.

### *Принцип на остварливост*

Активности поврзани со безбедноста и здравје на работа мора да се базираат на рационалниот пристап во работата: примена на мерки во БЗР согласно актуелните услови на работното место (професионален ризик и можноста за оштетување на здравјето, знаење и вештини на учесниците во системот за БЗР, трошоци за реализација на планираните мерки и др.)

### *Принцип на оптимизација*

Во управување на системите за БЗР, економската димензија вклучува и принцип на оптимизација - што е можно повисоко ниво на ефикасност (cost effectiveness), а со што помали трошоци, во дадените услови. Овој принцип на дуализам или двојна перспектива, може да се постигне со максимализирање на саканите фактори, а минимизирање на несаканите фактори во процесот на менаџирање при што бенефитиот од ефикасниот БЗР систем треба да резултира со намалување на трошоците и зголемена продуктивност.

### *Принцип на професионалност*

Управувањето со системот на безбедност и здравје при работа, следбено на законските одредби мора да биде доверен на овластени сертифицирани стручни лица кои својата работа мора да ја остваруваат непречено и директно во содејство со работодавачот, притоа избегнувајќи секаков вид на посредништво и цензура. Нивната работа мора да биде базирана на лична одговорност и притоа работејќи за потребите на работодавачот, но исклучиво професионално и првенствено во интерес на својата струка.

*Основни постулати на оваа стратегија опфаќаат градење и одржување на национална превентивна безбедносна култура и воведување на системи за управување со БЗР. Национална превентивна безбедносна култура е онаа каде правото на безбедна и здрава работна средина е почитувано на сите нивоа, каде владите, работодавачите и работниците активно учествуваат во обезбедување на безбедна и здрава работна средина преку систем на одредени права, одговорности и обврски и каде **принципот на превенција има највисок приоритет**.*

## *ОСНОВНА СТРАТЕШКА ЦЕЛ*

Целите и акциите на Стратегијата ги дефинираат средствата за нејзината реализација.

Целта на Стратегијата е да се обезбеди широка платформа за интер-секторски и колаборативен пристап во реализација на планираните активности во областа на безбедност и здравје при работа и да се воспостави стратегиска рамка за делување на сите партнери, на сите нивоа на интервенција во сите сектори на општеството со соодветно одржлива финансиска рамка на активности, за да се постигне подобрување на безбедноста и здравјето при работа за секој работник на секое работно место во Република Македонија.

Акцискиот план има задача да процени, развие, спроведе и следи голем број на активности насочени кон зајакнување на системите за управување со БЗР преку широк интерсекторски, партиципаторен и консултативен процес, вклучувајќи ги сите заинтересирани страни.

## *ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ДО 2020*

Напредок кон визијата ќе биде направен преку збир на резултати кои треба да се постигнат до 2020 година со реализација на планираните активности во повеќе различни акциони области.

### *Акциони области:*

- **Превенција и намалување на бројот и сериозноста на повреди, болест или смрт во врска со работата како и придружните трошоци**
- **Промоција на здравјето, работната способност и добросостојбата на работниците со посебен акцент на работници од вулнерабилните групи и високоризични сектори**
- **Намалување на експозиција на штетности, опасности и ризици на работата со користење на подобрена контрола на ризикот**
- **Јакнење на иновацијата, квалитетот и ефикасноста во работните процеси со контнуирано подобрување на здравје и безбедност на работа**

- Интензивна интерсекторска соработка и зголемување на свесноста за БЗР на сите нивоа во заедницата
- Поддршка од подобрена инфраструктура за безбедност и здравјето на работа.

***Што е инфракструтура за безбедност и здравје при работа?***

- Одговорна и ефективна регулаторна рамка
- Знаење и вештини од сите чинители во системот за БЗР
- База на докази

## *ПРИСТАПИ ВО ИНТЕРВЕНЦИИ*

Спроведување на акции за секоја цел, се базира на адекватно избран пристап на најчесто здружени интервенции како што се:

- ефикасна регулатива
- соодветни стимулации
- развој на способности
- добро раководење
- социјален дијалог
- подобар дизајн и технологии
- истражувања и докази

Комбинирање на интервентни пристапи е неопоходно за одржлив развој и подобрување на безбедноста и здравје при работа.

Со Стратегијата се идентификувани **главните инструменти** кои ја поддржуваат нејзината визија и кои ќе обезбедат нејзината соодветна имплементација:

- Управување на Владата
- Превентивна култура на работното место
- Лидерство во економијата и ангажирање на заедницата
- Унапредување на социјалниот дијалог и колективното договарање во сите процеси за унапредување на БЗР на сите нивоа во заедницата.

Стратегијата ги определува целите за акција во наредниот период, за кои се проценува дека би можеле да имаат потенцијално најголем позитивен ефект врз очекуваните резултати. Тие ја претставуваат кохерентната и балансираната рамка за акција која ги вклучува сите клучни партнери во реализација на Стратегијата.

## *НАЦИОНАЛНИ ПРИОРИТЕТИ*

Националните приоритети помагаат во идентификација на целите на делувањето.

1. ОТВОРЕНА И ЕФИКАСНА ЗАКОНСКА РАМКА
2. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
3. ОБРАЗОВАНИЕ ВО БЗР
4. СОВЕТ ЗА БЗР
5. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ
6. ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ
7. ПРЕВЕНЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ, БОЛЕСТИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА И ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА
8. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ
9. ИНДИКАТОРИ И ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ ВО БЗР
10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 1. ОТВОРЕНА И ЕФИКАСНА ЗАКОНСКА РАМКА

- Континуирано следење и усогласување на националната законска регулатива со директивите на ЕУ, според Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)
- Приоритизација на адекватна имплементација на усвоената законска рамка во пракса како и ревизија на одредени законски решенија со цел за унапредување на системот за безбедност и здравје на работа
- Обезбедување и поттикнување на интеграција на целите и акциите за безбедноста и здравјето при работа, во националните стратегии и интерсекторски политики за поддршка на развојот, намалување на сиромаштијата, вработувањето, заштита на околината, здравјето, образованието и др.

## 2. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- Континуирано зајакнување и унапредување на улогата и капацитетите на Министерство за труд и социјална политика (формирање посебен оддел задолжен за прашања во доменот на БЗР), Државен инспекторат за труд, Министерството за здравство и други релевантни државни структури во доменот,
- Континуирано градење и подобрување на административните капацитети на сите нивоа во заедницата во доменот на БЗР, особено зајакнување на капацитетите и ресурсите на инспекциските органи преку стручно усовршување на инспекторите со цел за унапредување на инспекцискиот надзор и
- Зајакнување на ефективноста и ефикасноста на ДИТ во контролата и мониторингот на имплементацијата на регулативата.

# 3. ОБРАЗОВАНИЕ В0 СИСТЕМИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

- Во претходниот период високо образовните институции во Р.Македонија (три државни универзитети и еден приватен универзитет) воведоа и реализираат акредитирани студиски програми од обласа на безбедност и здравје при работа на сите нивоа. Студиските програми, развиени за сите три циклуси на образование: додипломски, постдипломски и докторски студии со формирање високопрофилиран кадар во областа на БЗР, треба и понатаму да се промовираат. И понатаму е евидентна потребата од вклучување на поголем број на студенти на овие студиски насоки, со оглед на потребите на пазарот на трудот.
- Поради подигање на свеста кај најмладите за важноста за сопственото здравје и безбедност и развој на култура на безбедно работење неопходно е оваа област да биде застапена и во програмите на основното и средно образование предвидени со Законот за основно образование и Законот за средно образование.
- Потребно е понатамошно унапредување и развој на програмите, моделите и формите на континуирана едукација на стручните лица за безбедност при работа, пропишана со Законот за БЗР. На тој начин стручните лица ќе ги прошируваат своите знаења од областа, додавајќи нова вредност на системите за БЗР имплементирани во нивните компании.
- Промоција и спроведување на новата Програма за четиригодишна специјализација по медицина на трудот за докторите на медицина по европски модел, која отвори простор за стручно усовршување на докторите во областа на превентивно клиничка дисциплина-медицина на трудот, со цел за поефикасна и поцелисходна здравствена заштита на работниците.
- Македонското здружение за медицината на трудот при Македонско лекарско друштво, преку различни форми на активности, спроведува континуирана медицинска едукација, за сите доктори спец. по медицина на трудот, со што се обезбедува континуирано унапредување на знаења и вештини на медицинските професионалци задолжени за здравјето на работниците и
- Државните агенции ќе работат на подигнување на сопствените капацитети за специфични теми поврзани со безбедност и здравјето при работа преку конкретни планови и програми за образование.

## 4. СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

- Унапредување на советодавната улога на Советот за БЗР, преку анализа и нудење на конкретни препораки и решенија на законската рамка во областа на БЗР.
- Примена на проактивен пристап во покренувањето на иницијативи и активности во интерес на целата општествена заедница и зголемена „видливост" пред пошироката јавност во Република Македонија
- Институционализирање на работата на Советот преку користење на добри пракси од сродни функционални совети во Република Македонија, како и овозможување и обезбедување на неговата независна, непристрасна и стручна советодавна улога за потребите на Владата на Република Македонија
- Подобрување на ефикасноста, зајакнување на улогата и следење на работата на Советот за БЗР, подобра комуникација и соработка со релевантните чинители во државата.

## 5. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ

- Унапредување на системот на здравствена заштита на работниците во рамките на националниот здравствен систем, преку ефикасна и ефективна Мрежа за медицина на трудот составена од сите јавни и приватни установи во кои се врши дејноста медицина на трудот, овластени од Министерство за здравство, на сите нивоа на здравствена заштита како и развој на нови модели на службите за медицината на трудот во рамките на мрежата.
- Согласно Законот за здравствена заштита, воспоставување адекватни механизми за координација на Мрежата од страна на Институтот за медицина на трудот на РМ, како врвна национална институција во областа, во пракса.
- Континуирано унапредување и оценка на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот, кои се спроведуваат во овластени установи во кои се врши дејноста медицина на трудот – Служби за медицина на труд (СМТ) согласно Законот за безбедност и здравје при работа.
- Поттикнување на креирање специјални мерки за подобрување на процесот на професионална рехабилитација и реинтеграција на работниците подолго време исклучени од работното место.
- Креирање нови механизми за финансирање и создавање ресурси во обезбедувањето на услугите од страна на СМТ.

## 6. ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

- Развој на култура на превенција на работно место со заедничко учество на сите клучни партнери од областа на БЗР, во креирање на политиките и добра пракса за здрави и безбедни работни места.
- Развој на специфични превентивни програми за примена на принципите на БЗР за различни целни групи (јавен сектор, приватен сектор, локална самоуправа, Државен инспекторат за труд, претставници на работниците, претставници на работодавачите, граѓански организации итн.) преку континуирана обука, неопходна за унапредување на знаењето и стекнувањето на вештини од областа на БЗР.
- Развој на промотивни програми (справување со стрес на работа, промоција на здрав животен стил кај работниците-борба против пушење, злоупотреба на алкохол, здрава исхрана, редовна физичка активност, справување со специфични професионални ризици) со посебна улога на цлужбите за медицина на трудот во овие активности и стручните лица за безбедност кај самите правни субјекти.
- Обезбедување на практични насоки, информации и алатки со цел да се промовира културата на превенција од ризик на работно место, особено во мали и средни претпријатија.
- Подобрување на соработката, координацијата и размената на информации помеѓу менаџерите, стручните лица, докторите по медицина на труд, работниците и нивните претставници во промоција и постигнување на безбедни и здрави услови за работа и
- Подигнување на свеста за БЗР не само кај релевантните чинители во БЗР и особено кај социјалните партнери, туку на ниво на заедница, преку организирање кампањи (следење Европски и иницирање национални кампањи) преку конференции, работилници, семинари, тркалезни маси, натпревари, конференции за печат, дисеминација на информации и промотивни материјали-летоци, постери, но и користење социјални мрежи, медиуми, *„on-line”* алатки итн.

## 7. ПРЕВЕНЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНИ БОЛЕСТИ, БОЛЕСТИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА И ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА

- Воведување на принципот на анализа и ревидирање на проценката на ризик од страна на назначените стручни лица со цел следење на исполнувањето на предложените мерки за безбедност и здравје при работа во зададениот временски период, оценка на спроведувањето и споредување на периодични медицински испитувања за да се утврдат влијанијата на работниците во работната средина по преземените безбедносни мерки.
- Задолжително подигнување на степенот на следење и контрола на техничко технолошките мерки за безбедна работа, на вградените безбедносни системи на машините и орудијата како извори на непосредни ризици по здравјето на

вработените, преку конкретни напатсвија доставени до надлежните царински органи при нивниот увоз.

- Целосна и адекватна примена на донесената Уредба за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Сл.весник на РМ“ бр.60/2013), со која е законски регулирана обврската на работодавачот за спроведување на превентивни здравствени прегледи на работниците. Со овие прегледи (неопходна контрола на квалитетот на услугите) овластените здравствени установи кои вршат дејност медицина на трудот (СМТ) спроведуваат следење и заштита на здравјето и работната способност на работниците со цел за преземање мерки за превенција на професионални болести, болести во врска со работа и повреди при работа и унапредување на здравјето на работниците.
- Со цел за подобрување на следење на здравјето на работниците и преземање превентивни мерки за спречување на појава на професионални болести, болести во врска со работа и повреди при работа неопходна е примена на принципот на универзална покриеност со здравствени услуги за сите работници. Ова може да се постигне со воспоставување нови модели на СМТ или различни форми на јавно здравствени интервенции–програми насочени пред се кон вулнерабилните групи работници (млади работници, жени, работници во понапредната возраст итн.), високо-ризичните сектори (рударство, градежништво, здравство и др.) како и кон лицата со недоволен пристап до СМТ, вклучувајќи го неформалниот сектор, мали и средни претпријатија, земјоделците, мигрантите и невработените лица.
- Развој на водичи на добра медицинска пракса за доктори специјалисти по медицина на трудот за ефикасен пристап во заштита на здравјето на работниците.
- Потребно е подобрување на евиденцијата во безбедност и здравје на работа, интер-секторска соработка на сите клучни партнери, како и мултидисциплинарен пристап, со што ќе се обезбеди адекватно следење и превенција на професионалните болести и повреди при работа и
- Организирање кампања за значење на превенција на професионални болести, болести во врска со работа и повреди при работа на ниво на претпријатие, кај сите релевантни субјекти во системот за БЗР.

## 8. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

- И покрај одреден број успешно реализирани национални и меѓународни научно истражувачки проекти фокусирани на различни проблеми од областа на здравјето на работниците, спроведени воглавном од Институтот за медицина на трудот на РМ (професионални белодробни заболувања, професионални алергии, стрес и синдром на согорување, климатски промени и екстремни температури, токсикологија на тешки метали), неопходно е стимулирање на истражувањата во областа, со ситемски пристап и давање приоритет во националната истражувачка агенда.
- Истражување во областа на безбедноста и здравјето на работниците мора и понатаму да се развива и зајакнува преку специјални научно-истражувачки програми и проекти користејќи го “evidence-based” approach во акција и пракса, а објавување на резултатите од научните истражувања во научнатата и стручната заедница треба да биде поддржано.
- Потребно е да се изготви концептуална рамка и да се обезбеди финансирање, но и интегрирање на истражувачката компонента во БЗР, вклучувајќи го и засилувањето на хуманите и технички капацитети како и соработка со академските институции, невладините сектории другите сектори на централно и локално ниво
- Научно-истражувачка дејност, со конкретни развојни компоненти потребно е да биде подржана од страна на овластените институции во Република Македонија.

## 9. ИНДИКАТОРИ И ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ ВО БЗР

- Воведување на интегрален информатички и комуникациски систем за безбедност и здравје при работа на ниво на Република Македонија, кој во својата основа ќе ја има компатибилноста на веќе постојните системи кои функционираат при Министерствата за труд и социјална политика, Министерството за економија, како и Министерството за здравство.
- Адекватна примена на законската обврска треба да биде дополнета со низа мерки за подобрување на евиденцијата во БЗР.
- Усогласување на дефиницијата за повреди на работа и критериумите кои се препорачани од страна на МОТ и ЕУ со актуелните критериуми на обработка и статистика на повреди во РМ.
- Воспоставување на единствена методологија за евиденција на повредите при работа и усогласување со ЕУ методологијата за статистика за несреќи при работа (Euporean stastics on accidents at work-ESAW) .
- Целосно хармонизирање на легислативата во методологијата на регистрирањето, евиденцијата и следењето на професионалните болести со ЕУ легислативата, како и информатичка поврзаност на здравствените установи за пријавување и евидентирање на професионалните болести.

- Усогласување на статистичката обработка на податоци за професионалните болести со статистиката на ЕУ во овој домен (European Occupational Diseases Statistics – EODS).
- Зајакнување на институционална соработка и утврдување постапки за комуникација меѓу институциите кои се ангажирани за евиденција на повреди при работа и професионални болести и
- Воведување и развој на интегриран информатички систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести, компатибилен на веќе воспоставениот интегриран здравствен информатички систем (IHIS) кој го води секторот Е–Здравство на Министерството за здравство.

## 10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА БЗР

- Во денешното време на глобализација и интернационализација, неопходна е потребата земјите да работат заедно за решавање на големиот број предизвици во различни области на живеење вклучувајќи ја и областа на БЗР.
- Досегашната меѓународна соработка ќе треба да продолжи уште понтензивно пред сé со Светската здравствена организација, Меѓународната организација на трудот, другите агенции  на ОН, со европските институции како што е EUOSHA како и со другите меѓународни организации на европско и регионално ниво.
- Да се продолжи со активно следење на политиките, законодавството и добрите практики во Европската унија, како и активно следење на политиките и препораките на СЗО, МОТ и сл. .
- Суб-регионална соработка во Југоисточна Европа, преку СЗО Мрежата за здравјето на работниците на ЈИЕ (Југоисточна Европа).
- Суб-регионална соработка во Југоисточна Европа преку “BALcanOSH.net” мрежата за унапредување, развој и соработка на професионалците од областа на безбедноста и здравјето при работа.
- Поврзување на националните БЗР институции со сродни организации во регионот и Европа, споделување на искуства и добри практики и
- Понатамошно активно учество во работата на професионални здруженија на меѓународно ниво (учество во меѓународни БЗР кампањи, конгреси, конференции, комитети итн.

*КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ*

Стратегијата ќе треба да следи и да одговори на општествено економски трендови во заедницата.

- **Промени во работата и општеството**: Работните односи стануваат разновидни, комплексни и фрагментирани. Иновациите во технологијата и иницијативи за се поголема продуктивност бараат соодветни усовршувања на вештините и знаењата на работниците со едукација и тренинг, како и промени во организацијата на работата.
- **Зголемување на несигурната работа:** И покрај значајно намалување на стапката на невработеноство последниве 15 години (2010-околу 30%, 2017-22,9%-ДЗС) невработеноста се уште претставува значаен проблем кој е во интензивен фокус на националните политики. Пораст на привремена работа, работа по договор, сезонска работа, нестандардна работа-сменска или ноќна работа, работа на мигранти, работа во неформалниот сектор, особено работно ангажирање на официјално невработени лица ( „сива економија“) се сметаат за типови на работа кои се со повисоко ниво на ризик по здравје и безбедност при работа придружени со продолжено работно време, недостиг на информации, неадекватен тренинг или лоши комуникации.
- **Појава на ургентни здравствени проблеми и заболувања:**Неопходно е вниманието да биде насочено и кон нови, ургентни заболувања (заболувања предизвикани од стрес поврзан со работата, мускулоскелетни заболувања, повреди предизвикани од насилство на работата, професионален канцер), но и кон традиционалните, „класични“ професионални хазарди (хемикалии или азбест на пр.)
- **Поголем број на мали и средни претпријатија:** Најголем број на подобрувања на условите на работа се реализира во големите компании и претпријатија. Значаен и растечки број наработници е ангажиран на работните места во мали и средни претпријатија, за кои е неопходна поддршка за подобрување на нивните здравствени и безбедносни практики на работното место.
- **Демографски промени на работната сила:** Работна сила старее, се зголемува учеството на возрасни работници-над 55 години, незадоволително учество на млади работници до 25 години во структурата на работната сила. Работните места мора да се прилагодени кон карактеристиките и способностите на работниците за да се обезбеди соодветно ниво на здравје и безбедност при работа.

## *МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Главната координативна улога во процесот на мониторинг и евалуација и известување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа со Акцискиот план до 2020, ја има Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, а во одредени прашања од интерес и заедно со Министерство за здравство, при што интерсекторска соработка и партнерство во акција, со значајна улога на социјалните партнери, мора да бидат главни инструменти во реализација на планираните активности. Резултатите од спроведените активности ќе се доставуваат во форма на извештај до Националниот совет за безбедност и здравје при работа (НСБЗР).

Се предвидува мониторинг (следење), евалуација (оценка) и известување од спроведувањето на Акцискиот план за безбедност и здравје при работа да биде на континуирана основа, но секако и во текот на изработка на одредени програмски активности како и на годишна основа во текот на спроведувањето на Акцискиот план за БЗР 2020, според подготвените индикатори (воглавном процес и output индикатори). Сите придружни чинители (здравствени, научни и образовни институции, професионални здруженија, синдикати, организации на работодавачи и сл.) кои сами се обврзуваат за спроведување на дел од активностите на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 се должни превземените активности да ги спроведат стручно и квалитетно и во согласност со временските рамки предвиден во акциониот план. Во рамката на мониторинг и евалуација на Акцискиот план за БЗР 2020, индикаторите се креирани во согласност со Целите за одржлив развој (ЦОР) на Агендата за одржлив развој 2030 што е обврска превземена од Владата на Р.Македонија како потписничка на документот, членка на Обединетите нации.

## *ФИНАНСИРАЊЕ*

Финансиските средства за спроведување на активностите согласно Акциониот план на Стратегијата за Безбедност и здравје при работа 2020, ќе се обезбедуваат во рамките на одобрените буџетски средства на одговорните институции (од буџетот на Република Македонија: Владата, ЛС, ФЗОМ, ФПИОМ, Универзитети и др.), од работодавачите согласно Законот за безбедност и здравје при работа, од организации на работници и работодавачи, од донации, проекти, грантови на ЕУ и други меѓународни фондови и други извори.

# ДЕЛ II - СТРАТЕШКА ОСНОВА ЗА ПОДДРШКА

**Дел II Стратешка основа за поддршка - е составен дел на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 и има за задача да ја прикаже актуелната состојба на сите клучни елементи (политики и закони, административни и институционални капацитети, хумани ресурси, социјални партнери, индикатори и др.) кои го сочинуваат системот за безбедност и здравје при работа и кои обезбедуваат интегриран пристап и насоки на делување на стратешката рамка на Стратегијата за БЗР 2020.**

## 2.1 АКТУЕЛНА СОСТОЈБА*

### 2.1.1 Состојба со стопанството во РМ

Согласно податоците од Државниот завод за статистика за 2015 година, во Република Македонија со вкупна површина од 25.713 км$^2$ и население од 2.022.547 жители, работат 70.139 активни деловни субјекти. Според податоците од последниот Попис на населението, домаќинствата и становите од 2002 година, Република Македонија има 2.022.547 жители, што е за 3,9% повеќе во однос на Пописот од 1994 година и 43% повеќе во однос на Пописот од 1948 година.

Според процената на населението од 30.06.2015 година, во Република Македонија има 2.070.226 жители, а густината на населението изнесува 80,5 жители на км$^2$. Во однос на стареењето на населението, во 2015 година, учеството на младото население (0-14 години) изнесува 16,7%, додека учеството на старото население (65 и повеќе години) изнесува 12,8%.

Најголемо учество во структурата на активните деловни субјекти имаат секторите: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 23.843 субјекти или 34% и Преработувачка индустрија со 7.639 субјекти (10,9%). Од друга страна, најмала застапеност имаат секторите: Рударство и вадење на камен со 173 субјекти (0,2%) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 160 субјекти или 0,2%.

Податоците за структурата на активните деловни субјекти според бројот на вработени покажуваат дека најголемо учество (80,2%) имаат деловните субјекти со 1 до 9 вработени. Потоа следат деловните субјекти без вработени или субјекти со неутврден број на вработени (без податок за вработени) (10,4%), субјектите со 10-19 вработени (4,3%) и субјектите со 20-49 вработени, чие што учество изнесува 2,8%. Со 1,9% учествуваат субјектите со 50-249 вработени, а само 0,3% од активните деловни субјекти имаат над 250 вработени.

* Актуелната состојба во Р. Македонија е прикажана врз основа на податоците објавени од страна на Државниот завод за статистика, Државниот инспекторат за труд, Машинскиот факултет и Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ во Св. Николе.

Табела бр.2.1 ја прикажува состојбата на секторите со најголемо учество во структурата на активните деловни субјекти во изминатиот тригодишен период.

**Табела 2.1. Состојба на секторите со најголемо учество во структурата на активните деловни субјекти во изминатиот тригодишен период**

| Сектор | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| *Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли* | 25.429 | 24.674 | 23.843 |
| *Преработувачка индустрија* | 7.918 | 7.675 | 7.639 |

Табела бр.2.2 ја прикажува состојбата на секторите со најмало учество во структурата на активните деловни субјекти во изминатиот тригодишен период.

**Табела 2.2. Состојба на секторите со најмало учество во структурата на активните деловни субјекти во изминатиот тригодишен период**

| Сектор | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| *Рударство и вадење на камен* | 164 | 180 | 173 |
| *Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација* | 132 | 151 | 160 |

Табела бр.2.3 ги прикажува податоците за учеството на активните деловни субјекти според бројот на вработени во изминатиот тригодишен период.

**Табела 2.3. Податоци за учеството на активните деловни субјекти според бројот на вработени во изминатиот тригодишен период**

| Субјекти | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| ***Број на активни деловни субјекти*** | **71.290** | **70.659** | **70.139** |
| *Деловни субјекти со 1-9 вработени* | 85% | 85,2% | 80,2% |
| *Деловни субјекти без вработени* | 6,2% | 5,6% | 10,4% |
| *Деловни субјекти со 10-19 вработени* | 4,2% | 4,4% | 4,3% |
| *Деловни субјекти со со 20-49* | 2,5% | 2,6% | 2,8% |
| *Деловни субјекти со 50-249 вработени* | 1,8% | 1,8% | 1,9% |
| *Деловни субјекти со над 250 вработени* | 0,3% | 0,3% | 0,3% |

Според прикажаните податоци може да се заклучи дека во структурата на активните деловни субјекти најзастапени се микро и малите претпријатија.

**Табела 2.4. Структура на активните деловни субјекти во РМ во 2015 година според сектори (Национална класификација на дејностите - НКД Рев. 2) и број на вработени**

| Сектори на дејност | | Вкупно | % | Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 0[1)] | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
| **Вкупно** | | **70 139** | **100.0** | **7 329** | **56 261** | **3 032** | **1 947** | **1 339** | **231** |
| A/A | Земјоделство, шумарство и рибарство | 2 827 | 4.0 | 243 | 2 477 | 47 | 31 | 26 | 3 |
| B/Б | Рударство и вадење на камен | 173 | 0.2 | 20 | 105 | 15 | 21 | 9 | 3 |
| C/В | Преработувачка индустрија | 7 639 | 10.9 | 572 | 5 605 | 593 | 455 | 343 | 71 |
| D/Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 160 | 0.2 | 49 | 93 | 8 | 3 | 4 | 3 |
| E/Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 288 | 0.4 | 26 | 173 | 30 | 21 | 28 | 10 |
| F/Ѓ | Градежништво | 4 429 | 6.3 | 373 | 3 541 | 284 | 161 | 60 | 10 |
| G/E | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 23 843 | 34.0 | 1 815 | 20 671 | 814 | 395 | 131 | 17 |
| H/Ж | Транспорт и складирање | 5 820 | 8.3 | 360 | 4 976 | 297 | 127 | 53 | 7 |
| I/З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 535 | 6.5 | 408 | 3 665 | 313 | 120 | 28 | 1 |
| J/S | Информации и комуникации | 1 524 | 2.2 | 262 | 1 063 | 99 | 64 | 29 | 7 |
| K/И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 416 | 0.6 | 60 | 293 | 14 | 19 | 19 | 11 |
| L/J | Дејности во врска со недвижен имот | 516 | 0.7 | 127 | 348 | 21 | 13 | 6 | 1 |
| M/K | Стручни, научни и технички дејности | 6 261 | 8.9 | 677 | 5 319 | 176 | 74 | 12 | 3 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N/Л | Административни и помошни услужни дејности | 1 553 | 2.2 | 522 | 883 | 55 | 44 | 29 | 20 |
| O/Љ | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 267 | 0.4 | 3 | 22 | 39 | 89 | 87 | 27 |
| P/М | Образование | 1 098 | 1.6 | 74 | 505 | 43 | 162 | 311 | 3 |
| Q/Н | Дејности на здравствена | | | | 2 | | | | |
| | и социјална заштита | 3 313 | 4.7 | 57 | 923 | 96 | 88 | 126 | 23 |
| R/Њ | Уметност, забава и рекреација | 1 212 | 1.7 | 415 | 666 | 42 | 44 | 34 | 11 |
| S/О | Други услужни дејности | | | | 2 | | | | |
| | | 4 265 | 6.1 | 1 266 | 933 | 46 | 16 | 4 | - |
| T/П | Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... |
| U/Р | Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... | ... |

Според податоците од Државниот завод за статистика, во I тримесечје од 2016 година активното население во Република Македонија брои 945.821 лица, од кои вработени се 714.435, а 231.386 лица се невработени. Стапката на активност во овој период е 56,4, стапката на вработеност е 42,6, додека стапката на невработеност изнесува 24,5.

Во табела 2.5 е прикажана структурата на активното население според полот и школската подготовка.

**Табела 2.5. Структура на активното население според полот и школската подготовка**

| Школска подготовка | Активно население | | Вработени | | Невработени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015/I | 2016/I | 2015/I | 2016/I | 2015/I | 2016/I |
| | **Вкупно / Total** | | | | | |
| **Вкупно** | **959 388** | **945 821** | **697 248** | **714 435** | **262 140** | **231 386** |
| Без образование | (3399) | (4972) | (1721) | (3064) | (1678) | (1908) |
| Незавршено основно образование | 28 497 | 18 752 | 18 500 | 14 894 | 9 997 | (3859) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | 194 230 | 186 569 | 133 504 | 128 706 | 60 726 | 57 862 |
| 3 години средно образование | 79 771 | 69 694 | 55 393 | 53 901 | 24 378 | 15 793 |
| 4 години средно образование | 434 285 | 421 961 | 314 973 | 315 229 | 119 312 | 106 732 |
| Више образование | 23 025 | 18 590 | 18 445 | 16 314 | (4580) | (2276) |
| Високо образование | 196 182 | 225 283 | 154 713 | 182 327 | 41 469 | 42 956 |

**Стапките на повредите при работа и професионалните болести.**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мажи / Men** | | | | | |
| **Вкупно** | **580 322** | **582 602** | **415 727** | **429 154** | **164 596** | **153 448** |
| Без образование | (1589) | (3862) | : | (2397) | : | : |
| Незавршено основно образование | 16 854 | 9 479 | 10 540 | 7 946 | 6 314 | (1533) |
| Основно образование | 130 307 | 133 154 | 86 390 | 88 967 | 43 917 | 44 186 |
| 3 години средно образование | 55 304 | 46 263 | 37 923 | 36 283 | 17 381 | 9 980 |
| 4 години средно образование | 269 959 | 271 951 | 195 097 | 197 379 | 74 862 | 74 572 |
| Више образование | 12 332 | 9 511 | 9 526 | 8 388 | (2806) | : |
| Високо образование | 93 977 | 108 382 | 75 618 | 87 794 | 18 360 | 20 588 |
| | **Жени / Women** | | | | | |
| **Вкупно** | **379 066** | **363 219** | **281 521** | **285 281** | **97 544** | **77 938** |
| Без образование | (1809) | : | : | : | : | : |
| Незавршено основно образование | 11 643 | 9 273 | 7 959 | 6 948 | (3683) | (2325) |
| Основно образование | 63 923 | 53 415 | 47 115 | 39 739 | 16 808 | 13 676 |
| 3 години средно образование | 24 467 | 23 432 | 17 470 | 17 618 | 6 997 | 5 814 |
| 4 години средно образование | 164 326 | 150 010 | 119 875 | 117 850 | 44 450 | 32 160 |
| Више образование | 10 694 | 9 079 | 8 920 | 7 926 | (1774) | : |
| Високо образование | 102 205 | 116 901 | 79 095 | 94 533 | 23 109 | |

Состојбата во земјата во областа на безбедноста и здравјето при работа е тесно поврзана со состојбата во стопанството и условите за работа и вработување. Во изминатиот период РМ спроведе низа реформи во насока на подобар и поефикасен развој на мали и средни претпријатија (МСП) и намалување на стапката на невработеност.

Од активното население, според образованието, најмногу невработени се со основно и средно образование, што укажува на фактот на постоење на голем број неквалификувани работници. Покрај тоа, лицата кои подолг период чекаат на вработување и се исклучени од пазарот на трудот, не се запознаени со ризиците на работното место од аспект на безбедност и здравје при работа. Затоа, неопходно е при спроведувањето на мерките за безбедност и здравје при работа, посебно внимание да се посвети на обуките на работниците во насока на развој на култура на превенција.

Сепак, стратешката определба на РМ за интеграција во ЕУ недвосмислено наложува превземање на поагресивни политики во областа на безбедноста и здравјето при работа, со цел подобрување на условите за работа и намалување на предвиди активности во насока на подобрување на законодавството, институционалната соработка и подршка за доследна примена на сите мерки за безбедно работење.

### 2.1.2 Меѓународни политики за безбедност и здравје при работа

Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство се одговорни за политиката за безбедност и здравје при работа, следејќи ги целите поврзани со пристапот кон ЕУ. Направен е видлив прогрес во усогласување на легислативата и зацврстувањето на институционалните капацитети во РМ, но сеуште преостануваат важни чекори во имплементацијата на усвоената европска регулатива.

- **EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020**

Стратешката рамка на ЕУ за здравје и безбедност при работа 2014-2020, ги истакнува клучните стратешки цели за делување во наредниот период во доменот на БЗР во Европската унија: понатамошно јакнење на националните стратегии, олеснување на примената на легислативата од областа на БЗР, особено во малите и средните претпријатија, зајакнување и поедноставување на легислативата од областа на БЗР во земјите членки на ЕУ, следење на демографските промени на работната сила, справување со новите ризици, превенција на професионалните болести и болестите во врска со работата, подобрување на собирањето на статистички податоци и развој на информативите бази и развој на меѓународната соработка.

Истовремено, потенцирана е потребата за синергија или заедничко делување со другите политики кои што може да придонесат кон подобрување на здравјето и безбедност на работа од различни аспекти, а особено образованието, истражувањето, јавното здравје, средината, индустриската политика и еднаквоста.

- **The European Pillar of Social Rights, 2017**

Еден од особено битните и значајни новоусвоени стратешки документи во рамките на Европската унија, а тоа е **Европскиот столб на социјални права** (*The European Pillar of Social Rights*) усвоен во април 2017 година, како најзначаен документ во „нашите области на делување“ кој ги дава и поставува клучните принципи и права (20 на број) релевантни за Европа на 21-виот век. Тие треба да обезбедат поддршка на воспоставувањето на пазари на труд и системи за социјална сигурност и заштита кои ќе бидат правични (фер) и кои добро ќе функционираат - во земјите членки на ЕУ (а со тоа, сосема релевантни и за земјите-кандидати за членство).

Еден од овие принципи (бр. 10) е и правото на **„здрава, безбедна и соодветно-прилагодена работна средина“**. Во рамките на овој принцип се посебно потенцирани и апострофирани стандардите и потребата од воспоставување на високо ниво на заштита на работниците од ризиците по здравјето и безбедноста при работа.

- EUROPE 2020- A strategy for smart, sustainable and inclusive growth, 2010

Новата Европска стратегија за развој 2010, предлага пет главни мерливи цели за 2020 година кои ќе го поддржуваат процесот и ќе бидат пренесени во националните цели: вработување; истражување и иновации; климатски промени и енергија; едукација и справување со сиромаштијата. Овие цели претставуваат насоки за делување, но истовремено преку нив ќе се мери успешноста во реализацијата на поставените приоритети.

- Извештај на Европската комисија за Р. Македонија, во делот на БЗР (поглавје 3.19), ноември, 2016 година

**- Агенда за одржлив развој на Обединети нации** (ООН) - “TransformingOurWorld: the 2030 AgendaforSustainableDevelopment”, септември, 2015, при што особено значајни за БЗР се следните стратешки цели за одржлив развој (Agenda 2030 andSDGs):

Цел бр.3 - Да се обезбеди здраво живеење и да се промовира благосостојба за сите на сите возрасти

- Health 2020: a European policy framework supporting action across government and society for health and well being и

Цел бр.8 - Да се промовира долготраен, инклузивен и одржлив економски раст, целосна и продуктивна вработеност и пристојна работа за сите.

Европската политичка рамка „Здравје 2020: за поддршка на акцијата на Владата и општеството за здравје и благосостојба“, преточена е во националната политика Здравје 2020. Целите на оваа стратешка рамка се насочени кон подобрување на здравјето и добросостојбата на населението, намалување на здравствените нееднаквости, јакнење на јавното здравје и обезбедување на здравствени системи насочени кон луѓето, односно здравствени системи кои ќе бидат универзални, рамноправни, одржливи и со висок квалитет.

**- Глобален Акциски план на СЗО за здравјето на работниците 2007-2017 – “WHOGlobalActionPlanforWorkersHealth 2008-2017”**, стратешки документ на СЗО кој го промовира новиот јавно-здравствен пристап со одговорност на сите општествени чинители за здравјето на работниците. Акцискиот план на СЗО вклучува акции поврзани со различни аспекти на здравјето на работниците, со главен акцент на примарната превенција, заштитата и промоцијата на здравјето на работа, условите на работа, а воедно ориентирани кон подобар одговор на здравствениот систем кон здравјето на работниците, како и интегрирање на здравјето на работа во сите политики.

### 2.1.3 Национално законодавство во областа на безбедност и здравје при работа

***Законот за безбедност и здравје при работа*** („Сл. весникна РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16) е речиси потполно хармонизиран со Рамковната Директива 89/391/ЕЕС за воведување на мерки и активности насочени кон подобрување на безбедноста и здравјето на работниците при работа. Целта на Законот за безбедност и здравје при работа е да се воведат мерки кои ќе поттикнат подобрување на безбедноста и здравјето при работа. Со овој Закон се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки на безбедност и здравје при работа.

Основен принцип согласно Законот е “принципот на превенција на повреди при работа, професионални болести и болести во врска со работата”. Во Законот за безбедност и здравје при работа се воведува категоријата “проценка на ризик”, со што се внесува нов пристап во заштита на здравјето на работниците.

Обврска на работодавачот е да обезбеди превентивни здравствени прегледи за сите вработени (во согласност со посебни прописи) кои ќе се реализираат во овластената здравствена установа од областа на медицина на трудот, по претходно склучен меѓусебен договор.

Одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја (вооружени сили, полиција, царинска управа, во некои активности на силите за заштита и спасување), а во спротивно безбедноста и здравјето на вработените при работа кај овие дејности треба да се обезбедат, колку што е можно повеќе, според целите на овој закон.

### *Закон за здравствена заштита*

Законот за здравствена заштита („Сл. весник на РМ“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16), според принципите на еднаквост, солидарност и реципрочност, обезбедува здравствена заштита за целото население, ја дефинира организационата структура на системот на здравствената заштита, правата и обврските на поединците, работодавачите и државата во поглед на обезбедувањето здравствена заштита на сите нивоа, вклучително и здравствената заштита од областа на медицина на трудот, како и организацијата на системот на служби на медицина на трудот.

### *Закон за здравствено осигурување*

Законот за здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 49/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15 и 37/16) воспоставува систем на задолжително здравствено осигурување кое се остварува преку Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (ФЗОМ), а главниот извор на приходи се обезбедува од придонесите за здравствено осигурување на вработените.

Согласно Законот, регулирана е обврската кон ФЗОМ за плаќање дополнителен придонес за задолжителното осигурување со единствена стапка од 0,5% на бруто плата и на надоместокот на плата, за обезбедување здравствена заштита во случај на професионални болести и повреди при работа.

### *Закон за пензиското и инвалидското осигурување*

Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16) во областа на заштитата при работа ги дефинира и пропишува термините непосредна опасност од настанок на инвалидност, инвалидска пензија (во случај на општа или професионална неспособност за работа), семејна пензија и телесно оштетување и ги регулира правата на осигурениците, во доменот на пензиското и инвалидското осигурување, во случај на повреда при работа и професионална болест. Со Правилникот за листата на професионалните болести, донесен врз основа на овој Закон, поблиску се уредува и пропишува прашањето на професионалните болести.

Законот за пензиското и инвалидското осигурување, и покрај дефинирањето на непосредната опасност од настанок на инвалидност, не ги регулира правата на работникот по оваа основа, а дури и при повреда при работа или професионална болест работникот може да добие отказ. Затоа, се наметнува потребата за задолжително изменување на Законот во смисол на заштита на правото на работникот по оваа основа.

*Закон за работните односи*

Законот за работните односи („Сл. весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) во одделни одредби укажува на должностите, односно обврските на работодавачите, но и на правата и обврските на работниците во однос на безбедноста и здравјето при работа. Законот ги регулира одделните релевантни точки во оваа област, како што е **посебната заштита:**

забрана за вршење на подземни работи, заштита на работниците поради бременост и родителство, забрана за вршење работа за време на бременост, по породување и на работници од специфични ризични групи, посебна заштита за време на бременоста, заштита за време на бременост и родителство во врска со ноќната и прекувремената работа, отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, повторно враќање на работа од отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство, користење на отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете, продолжување на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, скратено работно време на родител на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, надоместок на плата, право на мајката доилка, вработување, оспособување или преоспособување на инвалидите, како и посебна заштита на повозрасните работници.

*Закон за инспекција на трудот*

Со Законот за инспекција на трудот („Сл. весник на РМ" бр. 35/97, 164/13 и 147/15) се уредуваат организацијата и работата на Државниот инспекторат за труд кој што врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи од областа на работните односи, вработувањето, заштитата при работа, колективните договори, договорите за работа и другите акти со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачите во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа.

И покрај осовременувањето на законодавството во областа на безбедноста и здравјето при работа, како еден од главните проблеми се уште останува инсуфициентноста во нејзината имплементација.

### 2.1.4 Државни административни капацитети

*Министерство за труд и социјална политика*

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за труд и социјална политика е одговорно за трудот, вработувањето и социјалната политика, за безбедноста и здравјето при работа, заштитата на децата и адолесцентите, жените и индивидуите со специјални потреби, како и за семејните работи. Министерството е одговорно за имплементација на постоечката национална легислатива и меѓународните конвенции во доменот на безбедноста и здравјето при работа, трудовото законодавство и социјалното осигурување. Тоа го покрива и здравственото осигурување на финансиски и социјално загрозените вулнерабилни групи на населението, индивидуите и групите со специјални потреби, како и воените ветерани и нивните семејства.

### *Државен инспекторат за труд*

Државниот инспекторат за труд (ДИТ) од 01.06.2014 година е посебен правен субјект, во рамките на Министерството за труд и социјална политика. ДИТ своите активности ги реализира согласно законската обврска за надзор врз примената на законите и другите прописи за работните односи, вработувањето, безбедноста и здравјето при работа и колективните договори, договорите за вработување и други акти, со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачите од областа на работните односи и безбедноста и здравјето при работа. ДИТ своето работење го темели врз основа на Годишна програма, како и квартални и месечни планови, кои овозможуваат дефинирање на цели, мерки и активости кои што обезбедуваат реализација на активностите, како и следење на реализацијата на истите, со што се креираат предуслови за остварување на јавниот интерес, заштита на правата на работниците, обезбедување на здрава и безбедна работна средина, анализа на постигнатите резултати, детектирање на слабостите во работењето, превземање мерки за нивно елиминирање и дефинирање на приоритети во спроведување на идни активности на Инспекторатот.

Државниот инспекторат за труд врши надзор над примената на следните закони: Закон за работните односи, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за агенциите за привремени вработувања, Закон за вработување на инвалидни лица, Закон за вработување на странци, Закон за волонтерство, Закон за минимална плата во Република Македонија, Закон за заштита од вознемирување на работното место, Закон за заштита од пушење, Закон за нерегистрирана дејност, колективните договори и околу 30 подзаконските акти од областа на безбедноста и здравјето при работа. Инспекторатот обезбедува единствено спроведување на прописите и мерките од областа на работните односи и безбедноста и здравјето при работа и е одговорен за нивно спроведување во рамките на својата надлежност.

Државните инспектори за труд ги спроведуваат законите и другите подзаконски акти, со кои се уредуваат односите помеѓу работодавачите и работниците, а посебно внимание се посветува на примена на прописите кои се однесуваат на законските обврски на работодавачот кон вработените. Државните инспектори за труд вршат редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори, при што се контролира дали работодавачите ги исполниле мерките за безбедност и здравје при работа за вработените, во јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести, а исто така и за лица кои се наоѓаат на стручно усовршување, студенти на практична обука и сите други лица кои се вклучени во работните процеси, според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување.

ДИТ во однос на делот на човечки ресурси работи според Законот за администрација, Законот за вработени во јавен сектор, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за работните односи, како и Законот за инспекциски надзор. Во 2015 година беше донесен Правилник за внатрешна организација на Државниот инспекторат за труд под број 04-1637 од 19.11.2015 година, како и Правилник за систематизација на работните места на Државниот инспекторат за труд бр. 04-1638 од 19.11.2015 година. Државниот инспекторат за труд, своето работење

го организира преку седум сектора, во 30 подрачја со вкупно распоредени 114 инспектори за труд.

Други активности од областа на безбедност и здравје при работа:

Државниот инспекторат за труд, со цел унапредување на безбедноста и здравјето при работа на вработените изврши координирани инспекциски надзори со Државниот санитарен и здравствен инспекторат во овластените здравствени установи, координирани инспекциски надзори со Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државен инспекторат за животна средина и просторно планирање беа извршени и во рудници и концесионери за експлоатација на минерални суровини, координирани инспекциски надзори се вршат и со Државниот пазарен инспекторат по различни дејности.

ДИТ преку софтвер (веб-апликација) е поврзан со повеќе институции (Централен регистар на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Агенција за вработување, Агенција за државни службеници, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Центри за социјална работа, Управен суд, Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерство за здравство и Заедница на заштитни друштва). Во тек е потпишување на договори за соработка и размена на податоци со институциите. Отворен е call-центар (тел. бр. 15 131) на кој што може да се пријавуваат работа на црно или други неправилности, како и преку интернет страница на ДИТ, која е достапна 24 часа.

### *Министерство за здравство*

Главните функции на Министерството за здравство се фокусирани на формулирање и имплементација на здравствената политика, одредување на приоритетите и следење на перформансите на здравствениот систем. Повеќе сектори во министерството се задолжени за активностите, организацијата и функцијата на дејноста медицината на трудот, а особено Секторот за превентивна здравствена заштита и Секторот за примарна здравствена заштита. Министерството за здравство, согласно Законот за здравствена заштита и подзаконски акти во оваа област, врши оценка на исполнетоста на минимум критериумите на здравствените установи за изведување на дејноста медицина на трудот, врз основа на што издава овластување на здравствените установи за вршење на дејноста медицина на труд и, при тоа, води регистер на истите.

Специфични превентивни активности во сегментот - медицина на трудот, *согласно целите на Глобалниот Акциски план на СЗО за здрајвето на работниците 2008-2017,* се опфатени со одделни превентивни програми, финансирани од Министерството за здравство на РМ.

### *Совет за безбедност и здравје при работа*

Во ноември 2009 год, согласно член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07), со Одлука на Владата на РМ, формиран е Советот за безбедност и здравје при работа, како експертско советодавно тело.

Советот разгледува и дава мислење и препораки за: Програмата за безбедност и здравје при работа, состојбата во областа на безбедноста и здравјето при работа, стратегијата за кохерентната политика за спречување и намалување на повредите на работното место, професионалните болести и други болести и повреди кои се поврзани со работата, стручните основи за изработка на закони и други прописи за безбедност и здравје при работа и документи на меѓународни организации во однос на безбедноста и здравјето при работа.

### *Министерство за економија - Државен инспекторат за техничка инспекција*

Овој Инспекторат врши надзор над опремата под притисок и производите и постројките наменети за работа во експлозивна атмосфера, надзор над лифтовите, жичарите, дигалките и транспортерите и електро-енергетските постројки, производите и уредите, врши верификација и евиденција за независните правни лица, води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања при користење на техничката опрема. Покрај тоа, Државниот инспекторат за техничка инспекција изведува геолошки и рударски надзор и надзор над опремата, производите и постројките наменети за користење при експлоатација на минерални суровини, врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите и подзаконските акти при геолошките истражувањата, изведбата на рударските работи, експлоатацијата на минералните суровини и минералната технологија, како и надзор над користењето на електричните уреди и инсталации наменети за експлоатација на минерални суровини.

### *Фонд за здравствено осигурување на РМ*

Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (ФЗОМ ), согласно Законот за здравствена заштита, ги прибира и планира средствата од задолжителното здравствено осигурување, врши надзор над системот за здравствено осигурување, договара обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица по нормативи и стандарди според медицина базирана на докази од давателите на здравствени услуги, исплата на средства во случај на привремена спреченост за работа врз принцип на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефикасно искористување на ресурсите.

### *Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија*

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ја извршува политиката на развојот, како и следењето и анализата на состојбите во пензиското и инвалидското осигурување, предлага превземање мерки за унапредување на системот во овој домен, вклучувајќи мерки за ефикасно и редовно уплатување на придонесите за пензиското и инвалидското осигурување, се спроведува доброволно осигурување и се решава во прв и втор степен за правата од пензиското и инвалидското осигурување.

### *Здравство и здравствена заштита на работниците*

Здравствениот дел од комплексната област на безбедност и здравје при работае во надлежност на медицината на трудот како интегрален дел на системот на здравствената заштита во Република Македонија. Медицината на трудот се одликува со јавно здравствен пристап кој што е ориентиран кон заштита и унапредување на здравјето на сите работници. Ваквиот пристап е промовиран од страна на СЗО со основна цел - превенција и промоција на здравјето на работното место, при што се истакнува јавноздравствениот интерес за целото општество.

Во оваа насока е и континуираниот развој на капацитетите на националниот здравствен систем за справување со ризиците на работното место со примена на принципите на еднаквост и достапност при остварувањето на главната цел - превенција на болестите и промоција на здравјето.

Во рамките на овој процес, службите за медицина на трудот (СМТ) претставуваат основен инфраструктурен елемент кој што придонесува за обезбедување на здрава, активна и продуктивна работна сила во услови на интензивен социо-економски развој. По кризните години врзани за процесот на транзиција, активностите особено беа насочени кон веќе постоечката инфраструктура на СМТ, високо едуцираните и квалифицирани хумани ресурси со академско и професионално искуство, мотивацијата и заедничкиот интерес, како и кон традицијата на јавното здравство во земјата.

Осовременетата легислатива од областа на безбедност и здравје при работа и од областа на здравството, доведе до зголемување на бројот на СМТ и до подобрување на покриеноста со СМТ. Со новите законски решенија (Закон за здравствена заштита, 2013 година) формирана е национална Мрежа за медицина на трудот, составена од сите приватни и јавни СМТ во Р.Македонија, координирана од Институтот за медицина на трудот на РМ.

Постојат различни организациони модели на обезбедување на услуги од областа на медицината на трудот:

- Специјалистичка ординација по медицина на трудот во рамките на ПЗЗ (приватни здравствени установи),
- Поликлиники со Служба за медицина на трудот (приватни здравствени установи),
- СМТ во рамките на Здравствени домови (јавни здравствени установи),
- СМТ при Градска општа болница,
- Одделение за медицина на труд со проценка на ризици на работно место во
- Секторот за здравствена екологија при Институтот за јавно здравје на РМ
- Институт за медицина на трудот на РМ, Колаборативен центар на СЗО – национален институт

Во Законот за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 92/07), дефиниран е поимот „овластена здравствена установа” што претставува „здравствена установа во која се врши дејноста медицина на трудот согласно прописите од областа на здравството, ангажирана од страна на работодавачот за

спроведување на здравствена заштита при работа". Со овој Закон регулирани се обврските на овластената здравствена установа како:

- превентивни здравствени прегледи на вработените во согласност со посебни прописи,
- обезбедување на медицински услуги за вработените со професионални болести,
- водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените,
- учество во проценка на ризик, спроведување на едукација на вработените и др.

Според податоците од Министерството за здравство, во Република Македонија, функционираат 46 овластени установи од дејноста медицината на трудот во 20 општини, со 71 доктор специјалист по медицина на трудот. Од 46 овластени служби за медицината на трудот, 13 се јавни со 31 доктор спец. по медицината на трудот, а 36 се приватни здравствени установи со вкупно 40 доктори спец. по медицината на трудот.

Важна карактеристика на националниот систем за медицина на трудот е дека сите служби за медицина на трудот независно дали се во јавна или приватна сопственост се дел од Мрежата за медицина на трудот на РМ, координирана од ЈЗУ Институтот за медицина на трудот на РМ.

### *Институт за медицина на трудот на Р. Македонија*

Институтот за медицина на трудот на Република Македонија, СЗО Колаборативен центар, е врвна институција од областа на медицината на трудот, на национално ниво, која спроведува здравствени, методолошки, едукативни и научно-истражувачки активности во својата област. Институтот е задолжен за воспоставување на критериуми и методологија за работа, предлагање и реализација на превентивни и научноистражувачки програми, иницирање и креирање на стратешки документи, легислатива и стандарди во областа на здравјето на работа.

Со единствен интегративен пристап, оваа мултидисциплинарна институција, низ активностите на спроведување на специфична здравствена заштита на работниците, на највисоко ниво, има за цел-заштита и унапредување на здравјето на работниците, околината и безбедност на работа. Институт за медицина на труд на РМ е координатор на националната Мрежа за медицина на трудот и задолжен за давање стручна и методолошка помош на сите здравствени установи кои вршат дејност медицина на труд (Закон за здравствена заштита „Службен весник на РМ" бр.164/13)

Како примери на добра пракса од националната здравствена политика во доменот на здравјето на работниците, Институтот за медицина на трудот на РМ, повеќе години наназад иницира проектни активности и јавно здравствени интервенции за нов пристап во обезбедување и зголемување на покриеноста на услугите од доменот на медицината на трудот за различни вулнерабилни групи работници, работници од неформалниот сектор и невработените лица.

Одделни програмски, превентивни активности во оваа насока, се поддржани од Министерството за здравство и се покриени од државниот буџет, обезбедувајќи ресурси за нивна имплементација во пракса.

Институтот како наставна база на Медицинскиот факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје е седиште на Катедрата за медицината на трудот. Својата висока професионална и научна вредност, Институтот ја промовира со публицирање оригинални научни трудови, монографии, научни и стручни публикации, но и преку организација на конференции, работилници, семинари и кампањи, во областа.

Со промоција и имплементација на СЗО целите на национално и меѓународно ниво, Институтот е извонредно активен во меѓународната соработка во рамките на СЗО Глобалната мрежа на колаборативни центри за медицина на трудот, и е лидер на СЗО Мрежата за здравје на работниците на Југоисточна Европа.

### *Институт за јавно здравје на Р. Македонија*

Институтот за јавно здравје на Република Македонија е национална институција во областа на јавното здравје, а ги врши работите утврдени со прописите од областа на јавното здравје и Законот за здравствена заштита. Здравствената дејност во областа на јавното здравје опфаќа мерки и активности за следење на здравствената состојба на населението, проучување на ризик факторите, планирање на мерки и активности за спречување на појавата, рано откривање и спречување на ширење на заболувања, мерки за зачувување и унапредување на здравјето и животната средина. Институтот за јавно здравје на Република Македонија ја координира работата на центрите за јавно здравје во процесот на планирање и усогласување на задачите од областа на јавното здравје. Институтот е задолжен за водење на здравствената статистика во РМ, а со самото тоа треба да биде и референтен центар за собирање и чување на статистички податоци на национално ниво и е задолжен согласно законската обврска, за водење здравствени регистри вклучувајќи ги и регистрите за повреда на работа и за професионални болести.

## 2.1.5 Индикатори во медицината на трудот - индикатори на безбедност и здравје при работа

### Евиденција на професионални болести и повреди при работи

Политика и пракса на следење на промените во здравјето на работниците, бара добро организиран информативиен систем, адекватно регистрирање податоци во медицината на трудот, со компетентна анализа на трендовите на евидентираните податоци. Покрај голем број индикатори во медицината на трудот кои се следат на национално и меѓународно ниво, најчесто се користат податоци кои се однесуваат на бројот на професионалните болести и повреди на работа.

Согласно Агендата на Обединетите нации за одржлив развој 2030, една од целите за одржлив развој ЦОР 8.8. е фокусирана кон „заштита на правата на работа и промоција на безбедноста и сигурноста на работната средина за сите работници, вклучувајќи ги работниците-мигранти, како и оние кои имаат несигурно вработување“, според која земјите членки на ООН имаат обврска да известуваат за индикаторите за безбедност и здравје при работа. Обврската произлегува од сериозноста на податоците добиени со анализа на достапните здравствено-статистички индикатори на МОТ и СЗО, која покажува дека секоја минута поради повреда на работа или професионална болест умираат 4 работници, што претставува

вкупно 2,2 милиони регистрирани смртни случаи годишно во светот. Околу 1,7 милиони од овие смртни случаи се поради професионални болести и околу 350.000 поради повреди на работа.

Република Македонија во претходниот период имаше добро развиен здравствено-статички систем за прибирање и обработка на податоците од областа на здравството, вклучувајќи ја и областа на безбедноста и здравјето на работа. Но, како последица на транзиција на општествено-економскиот систем со континуирани здравствени реформи и покрај осовременета легислатива во областа на БЗР, националната статистика во овој домен се уште не обезбедува објективни и веродостојни податоци за состојбата на професионални болести и повреди при работа како најважни индикатори во БЗР во РМ.

Согласно Законот за евиденција во здравството („Сл. весник на РМ" бр. 20/09, 53/11 и 164/13), Институтот за јавно здравје на РМ (ИЈЗ) е национален центар за здравствена статистика и е задолжен за водење здравствени регистри вклучувајќи ги и регистрите за повреда на работа и за професионални болести.

## Повреди при работа - дефиниција, законска регулатива, пријавување, евиденција, регистрација

Постојат повеќе дефиниции за повреди при работа на меѓународно ниво (МОТ, ЕУРОСТАТ), но во РМ повреди при работа се дефинираат според Законот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ. Согласно Законот, под повреда на работа се подразбира повреда која е предизвикана од непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повреда која е причинета со нагли промени во положбата на телото, ненадејно оптеретување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е поврзана со вршењето на работите на работното место. Под повреда на работа се подразбира и повреда која настанала на редовниот и вообичаен пат од местото на живеење до работа и обратно, на службен пат, како и во други услови што се поврзани со доаѓањето на работа или користењето на право на професионална рехабилитација. Да напоменеме дека согласно оваа регулатива и акутните труења спаѓаат во повреди на работа.

Согласно наведениот Закон за евиденции, евиденциите за повреда на работа се уште се водат преку индивидуалните пријави за повреди на работа во т.н. Образец - индивидуален извештај ЕТ-8 („Сл. Лист на СФРЈ" бр. 2/77).

Индивидуалниот извештај се пополнува од работодавачот или негов претставник и од докторот кој прв го видел повредениот во 8 примероци, од кои 1 останува кај работодавачот, а останатите се доставуваат во подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, од каде се дистрибуираат до Центрите за јавно здравје, овие понатаму, извештаите треба да ги достават до Институтот за јавно здравје на Република Македонија. Со новите законски прописи воспоставен е Националниот систем за електронски евиденции во здравството при Министерство за здравство, кој треба да ги вклучи преку здравствениот систем, и повреди при работа како и професионалните болести во званичната евиденција.

Според податоците на Институтот за јавно здравје, Информација за повреди при работа 2014-2015 и 2015-2016, објавени на веб страната на ИЈЗ, во текот на **2016 година** се забележени вкупно **894 повреди на работа**, во однос на **1.222 во 2015 година** што значи намалување на регистрираните повреди при работа за околу 27%, а во **2014 година се регистрирани 975 повреди при работа**. Најголем број се повредите, пријавени во индустријата и рударството и тоа вкупно 356 повреди или 39,8% од вкупниот број на регистрирани повреди во Република Македонија во 2016 година, односно 512 повреди или 42,0% во 2015 година. Но, треба да се одбележи неочекуван податок, која бара подетална анализа, дека во градежништвото, кое традиционално претставува едно од најризичните дејности за појава на повреди на работа, во 2016 година, се регистрирани вкупно само 10 повреди на работа, што претставува 1,1% од вкупно регистрираните повреди во извештајниот период, а во истата дејност, во 2015 годинасе регистрирани вкупно 19 повреди.
Според податоците доставени до Институтот за јавно здравје на Република Македонија, во 2016 година се регистрирани 2 смртни случаи поради повреди на работа.

Според ESAW методологијата, индикатороткој се користи за утврдување на движењето на повредите на работа во испитуваниот период, е индекс на инциденција односно стапка на повреди при работа. Во 2016 година стапката на повреди на работа во РепубликаМакедонија изнесува 123,5/100.000 во однос на стапка на повреди во 2015 година од 173,1/100.000.
Во споредба со податоците за бројот на регистрирани повреди на работа на 100.000 вработени во Европскиот регион и во Европската унија, тогаш треба да се истакне дека кај нас овие индикатори покажуваат десетина пати пониски вредности. Стапката на повреди при работа на 100.000 вработени е најголема во Португалија, следат Франција и Шпанија каде вредноста на оваа стапка е преку 3.000/100.000 во 2014 година. Најниски стапки на повреди на работа се забележуваат во Романија, Латвија. Литванија, Грција и Бугарија, каде стапката се движи околу 200/100.000.
Сето ова упатува на сериозна инсуфициентност на системот за регистрирање, пријавување, собирање и обработка на податоците за повреди на работа во нашата земја, што бара неодложно разрешување на овој проблем со вклучување на сите клучни и релевантни партнери во општеството.

Од друга страна, согласно членот 36 од Законот за безбедност и здравје на работа („Сл. весник“ бр. 92/2007), работодавочот е должен веднаш, или најдоцна во рок од 48 часови да ја извести инспекцијата од областа на трудот за секој смртен случај, колективна несреќа и повреди на работа кои предизвикуваат времена неспособност на работа подолга од 3 работни денови. За таа цел **Државниот инспекорат за труд** има изготвено известување за несреќа на работа. Со чл. 9 од Правилникот за начинот на водење на евиденции од областа на безбедност и здравје на работа („Сл. весник на РМ“ бр.136/2007), поблиску се регулира содржината и податоците за кои работодавачот мора да води евиденција во случај на професионални болести, заболувања во врска со работата, повреди на работа и смртни случаи при работа.

Сите податоци за пријавени/регистрирани повреди при работа се евидентираат и чуваат во Државниот инспекторат за труд и се објавуваат на месечна основа на официјалната веб страна на Министерството за труд и социјална политика, како и на веб страната на Државниот инспекторат за труд. Обврската на ДИТ е да врши увид, да подготвува извештаи и да ги превзема сите пропишани мерки во случај на сериозна повреда при работа која што предизвикала кај работникот отсуство од работа повеќе од три дена, како и во случај на фатална повреда при работа.
Податоците од „Годишниот извештај за извршените инспекциски надзори од областа на безбедност и здравје при работа за 2014 и 2015 година"објавени на официјалната веб страна на Министерството за труд и социјална политика укажуваат дека врз основа на извршените увиди на самото место, во **2014 година се случиле 1382**, а во **2015 година - 1461** повреди на работа, односно повреди на работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена на работникот. Според овој извештај, **во 2014 година се регистрирани 15 , а во 2015 година - 24 смртни случаи поради повреди на работа во Р.Македонија.**
Податоците за повреди при работа објавени во Извештајот на ДИТ се разликуваат од податоците од Информацијата на ИЈЗ за соодветни години, пред се поради различна методологија на прибирање на податоци (различни законски основи), но овие разлики истовремено, треба да бидат повод за сериозни и длабински анализи на ова прашање и пошироко.
За разлика од Информацијата за повреди при работа 2014-2015 и 2015-2016 година на Институтот за јавно здравје на РМ, Годишниот извештај на ДИТ ги дава и најчестите причини за настанатите повреди при работа, што има исклучително значење за креирање и спроведување на безбедоносните превентивни политики на работното место. Според инспекциските увиди на самото место и документацијата која се однесува на безбедноста и здравјето при работа, најчести причини за настанување на повредите се неодговорниот однос на работодавачите и раководниот кадар во доследна примена на прописите од обласτа на безбедноста и здравјето при работа, како што е необученоста на работниците за безбедна работа, не извршените здравствени прегледи врз вработените заради утврдување на здравствената состојба на вработените, не обезбедување на безбеден работен простор, не користење на лични заштитни средства и опрема, неизвршување на прегледи на опремата за работа, непочитување на упатства и процедури и др.

Согласно актуелните прописи во РМ, во однос на дефиницијата и принципите за статистичка обработка на податоците, не постои целосно усогласување со препораките на МОТ и ЕУ (ЕУРОСТАТ) во доменот.
Така, во Р.Македонија, под повреда на работа се признава секоја повреда, независно дали е утврдена или не привремена спреченост за работа-боледување и колку тоа траело, додека според Методологијата за усогласување на статистиката за несреќи при работа во ЕУ (ESAW) се анализираат само оние повреди на работа за кои е утврдено отсуство од работа подолго од 3 денови. Исто така, за разлика од нашите законски прописи, според ESAW методологијата, во повреди на работа не се вклучуваат повредите предизвикани на пат од работа до дома и обратно.
Но, тука треба да се истакне дека нашите прописи и покрај неусогласеноста со препораките на ЕУРОСТАТ, им обезбедуваат на нашите работници во овој момент

поголеми и пошироки права по основа повреди на работа отколку што е препорачаниот минимум на кој обврзува Европската унија.

Но, освен податоците на Институтот за јавно здравје на РМ и Државниот инспекторат за труд, кои претставуваат официјална статистика во државата, **Македонското здружение за заштита при работа, МОТ Колаборативен центар,** како професионална асоцијација веќе долги години го изработува Извештајот за несреќи при работа, во согласност со податоците кои се прибирани од сите македонски медиуми кои објавиле информација за несреќа која се случила на работното место и го објавува на својата веб страна, секоја година на 28.април, по повод Светскиот ден за безбедност и здравје при работа.

## Професионални болести - дефиниција, законска регулатива, пријавување, евиденција, регистрација

Во Република Македонија професионалните болести се дефинирани со Законот за пензиско инвалидско осигурување, според кој професионалните болести се болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот.

Според Европската статистика за професионални болести (EODS) под професионални болести се подразбира поголема група на болести кои настануваат како последица на специфично и исклучиво или предоминантно влијание на условите на работната средина (професионална експозиција) врз здравјето на професионално изложените работници.

Влијанието на работата врз здравјето тешко се оценува и секоја земја работи во специфичен здравствен и осигурителен систем. Оттаму објавените податоци за професионалните болести се базираат на важечката национална легислатива, ефикасноста во откривањето, пријавувањето и регистрирањето на професионалните болести како и на компензаторните механизми и системи.

Официјалните податоци за инциденцата и преваленцата на професионалните болести во РМ се инсуфициентни. Важен чекор беше направен со објавувањето на Листата на професионалните болести на РМ со критериуми за нивна дијагноза и верификација („Сл. весник на РМ“ бр.88/04) во чие изготвување се следени препораките на ЕУ за Листата на професионалните болести. Кај нас законско признавање на професионални болести, не ја зема предвид атрибутивната фракција на професионална експозиција поголема од 50% што е актуелен стручен тренд во светот.

Регистарот на професионалните болести, согласно Законот за евиденција во здравството („Сл. весник на РМ“ бр.20/09, 53/11 и 164/13), е обврска на Институтот за јавно здравје на РМ (ИЈЗ), како национален центар за здравствена статистика. Но, за жал и покрај современата легислатива во доменот, овој регистар воопшто не функционира, а бројот на регистрираните професионални болести е мал и воопшто не ја дава вистинската слика за професионалните болести во нашата земја ниту одговара на нискиот процент на учество на професионалните болести во специфичниот национален морбидитет. Во последнава деценија инциденцата се

движи од 0,05 до 0,08 случаи на 1.000 вработени, односно 20 до 30 нови случаи годишно. Институтот за медицина на трудот на РМ е задолжен за верификација на професионалните болести за компензаторни цели од страна на Фондот за ПИОМ. Последниве години, во Институтот за медицина на трудот на РМ, најчесто дијагностицирани професионални болести се професионална астма, професионален контакт дерматит и силикоза. Дијагностицираните и верифицираните професионални болести се евалуираат и компензираат во Комисиите за оценка на работната способност при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ.

Неопходно е да се истакне дека најголем број професионални болести не се воопшто дијагностицираат ниту регистрираат. Во процесот на дијагностицирањето, евиденцијата и следењето на професионалните болести најважна улога имаат доктори специјалисти по медицина на трудот, од овластените здравствени установи кои вршат дејност медицина на труд. Тие треба во рамките на превентивните прегледи на работниците да ги имаат предвид проценката на ризик и условите на работа на конкретното работно место и да ги бараат раните знаци на професоионална болест кај експонираниот работник, што за жал многу ретко се случува. Исто така, треба да се напомене и улогата на избраните доктори од Примарната здравствена заштита кои го имаат првиот контакт со секој болен и кои ја имаат можноста да се посомневаат на професионалната болест и да ги консултираат докторите специјалисти по медицината на трудот, за сега само оние кои се вклучени во електронскиот систем на Министерството за здравство („Мој термин“ - конзилијарен преглед). Избраните (матичните) доктори треба да ги пополнуваат и да ги испраќаат пријавите за повреди на работа и професионални болести до Центрите за јавно здравје, а овие до Националниот систем за електронски евиденции во здравството. Институтот за јавно здравје и понатаму ја има одговорноста за водење на регистрите за повреди на работа и професионални болести.

Согласно Информацијата за повреди при работа 2014-2015 и 2015-2016, се наведува дека „За жал, во изминатиот период, и покрај законската обврска, до Институтот за јавно здравје нема доставено ниту една индивидуална пријава за повреда на работа и/или за професионална болест од страна на докторите специјалисти по медицина на трудот и/или останатите доктори кои учествувале во нивната дијагноза и терапија, “што упатува на една од причините за нефункционирање на регистрите за повреди при работа, односно професионални болести во нашата земја.

## Индикатори во медицината на трудот - индикатори на безбедност и здравје при работа-заклучок за состојбата

Наведените податоци за индикаторите во областа на безбедност и здравје при работа во РМ, укажуваат на потребата за подобрување на сите мерки за евиденција, следење и превенција на повредите при работа и професионалните болести, како и за усогласување на нивната статистичка обработка со статистиката на ЕУ од овој домен (*European Statistics for Accidents at Work – ESAW, односно European Occupational Diseases Statistics - EODS*).

Развој на информативен систем како интегриран систем за следење и пријавување на повредите на работа и професионалните болести кој би овозможил евидентирање и регистрирање на сите повреди на работа и професионални болести со воспоставување на функционален регистар за повреди на работа и професионални болести, претставува еден од приоритетите на националната здравствена политика во Република Македонија. Ова прашање бара сеопфатно, мултидисциплинарно и интерсекторско решавање на проблемот со вклучување на сите релевантни фактори и примена на различни, специфични мерки во доменот со цел добивање објективни, споредливи, релевантни статистички податоци кои понатаму ќе послужат за креирање на превентивни политики и акции за унапредување на безбедност и здравје при работа.

### *Општа и професионална неспособност за работа во Р. Македонија*

Инвалидност, во смисла на актуелниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, постои кај осигуреникот кога поради промени во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување, работната способност е трајно намалена за повеќе од половина во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто или слично образование и способност (професионална неспособност за работа) или кога кај осигуреникот поради промена на здравствената состојба која не може да се острани со лекување ќе настане трајно губење на работната способност (општа неспособност за работа).

Инвалид на трудот е осигуреникот кој врз основа на инвалидност ги остварува правата од пензиското и инвалидското осигурување. Инвалидноста како основа за остварување на правото од пензиското и инвалидското осигурување ја утврдува Комисијата за оцена на работната способност, врз основа на извршен увид во медицинската и друга документација на осигуреникот, како и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот. Комисијата, како единствен надлежен орган, по утврдувањето на фактичката состојба и извршениот преглед донесува Наод, оценка и мислење за општа или професионална неспособност за работа.

Со стапување во сила на новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување од 01.08.2012 год., покрај утврдување на инвалидност по категории, изразена во проценти, се утврдува и инвалидност доколку работната способност на осигуреникот е намалена за 50%, со што, истиот може да работи со скратено работно време, или да биде распределен на друга соодветна работа согласно со прописите кои се применуваат од работните односи и колективниот договор. Инвалидноста, како основ за остварување право од пенизко и инвалидско осигурување, ја утврдува Комисијата за оцена на работната способност врз основа на извршен увид во медицинската, работната и друга документација, како и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот. Во 2015 година, во Архивата на Првостепената комисија за оцена на работна способност се примени и заведени 5.947 предмети, додека во 2014 година се примени 6.064 премети, или 117 предмети помалку, или за 2% и истите предмети се комплетирани. Што се однесува до предметите по Задолжителен контролен преглед, комплетирани и поканети се 807 лица. Писма испратени до подносителите за докомплетирање на работната и медицинска документација има вкупно 593, а на 83 предмети им била прекината постапката по член 14 од истиот Правилник.

На следната табела е даден приказ на решените барања за оцена на работната способност по видови во 2015 и 2014 година.

Табела: Решени барања за оцена на работната способност по видови во 2015 и 2014 година

| ред. број | Вид на случаи | 2015 година | | 2014 година | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | структура | број | структура | 2015/2014 |
| 1 | Општа неспособност за работа | 1.119 | 30,4 | 1.300 | 33,6 | 86,1 |
| 2 | Скратено работно време | 209 | 5,7 | 176 | 4,6 | 118,7 |
| 3 | Промена на работа | 117 | 3,2 | 118 | 3,1 | 99,2 |
| 4 | И понатаму намалена работна способност | 123 | 3,4 | 146 | 3,8 | 84,3 |
| 5 | Лекувањето не е завршено | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 6 | Не постои инвалидност | 1.656 | 45,1 | 1.607 | 41,6 | 103,1 |
| 7 | Други случаи | 23 | 0,6 | 11 | 0,3 | 209,1 |
| 8 | Повторни прегледи | 236 | 6,4 | 303 | 7,8 | 77,9 |
| 9 | Семејна пензија | 145 | 3,9 | 126 | 3,3 | 115,1 |
| 10 | Наоди за странски носители | 48 | 1,3 | 78 | 2,0 | 61,5 |
| | ВКУПНО I | 3.676 | 100,0 | 3.865 | 100,0 | 95,1 |
| 1 | Здравствена заштита | 0 | 0 | 1 | 0 | 0,0 |
| 2 | Телесно оштетување | 340 | 29,6 | 373 | 31,2 | 91,1 |
| 3 | Контролен преглед | 807 | 70,4 | 821 | 68,7 | 98,3 |
| | ВКУПНО II | 1.147 | 100 | 1.195 | 100 | 96,0 |
| | ВКУПНО (I+II) | 4.823 | 100 | 5.060 | 100 | 95,3 |

### 2.1.6 Стручни лица и правни субјекти за вршење на работи од областа на безбедност при работа

#### *Стручно лице за безбедност при работа*

*Согласно Законот за безбедност и здравје при работа, "Стручно лице за безбедност при работа" е вработено стручно лице кај работодавачот, назначено од него за извршување стручни задачи, поврзани со безбедноста при работа, кое треба да има положено стручен испит за безбедност при работа.*

Примарни обврски на стручните лица се:

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа,
- советување на работодавачот за опремување на работното место и работната средина,
- изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност,
- вршење на редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина,
- вршење на редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема,
- вршење на внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата,
- изработка на упатства за безбедно извршување на работата,

- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени безбедносни мерки и
- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

Доколку работодавачот не е во можност или нема соодветни стручни вработени лица и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува, тој овие обврски може да ги довери на овластени правни или физички лица.

При тоа, пропишана е соодветна постапка која вклучува комисиско испитување на условите, испитување на кадровскиот потенцијал, техничките и други услови, согласно Правилникот за услови за вработени, организација, технички и други услови, кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи.

Министерот надлежен за работите од областа на трудот, на правното лице кое ги исполнува пропишаните услови му издава дозвола за вршење на следниве стручни работи: проценка на ризикот, редовно тестирање и контрола на работната опрема, концепт за изјавата за безбедност, изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата и вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности и микроклиматски услови во работната средина. Стручните лица во извршувањето на своите задачи треба да соработуваат со доктор специјалист од областа на медицината на трудот, како и со вработените.

### *Комисија за полагање стручен испит за безбедност при работа*

Во 2009 година започна со работа Комисијата за полагање стручен испит за безбедност при работа, при што кандидатите се стекнуваат со звање ”Стручно лице за безбедност при работа”. Заклучно со 2014 год., 655 лица го имаат положено стручниот испит и истите се стекнаа со Уверение за стручно лице за безбедност при работа. Со измени на Законот за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 164/13), полагањето на стручниот испит се одвива електронски и, поради тоа, донесени се и се имплементираат нови подзаконски акти:

1. Правилник за формата и содржината на уверението за положен стручен испит за стручно лице за безбедност при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 87 од 06.05.2016 година),
2. Правилник за начинот на бодирање на првиот дел (теоретски дел) и на вториот дел (практичен пример) на стручниот испит за безбедност при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 164 од 22.09.2015 година),
3. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 164 од 22.09.2015 година) и
4. Програма за полагање на стручен испит за безбедност при работа („Сл. весник на РМ“ бр. 206 од 23.11.2015 година).

Електронското полагање на стручниот испит за безбедност при работа се спроведе на 07.07.2016 год. за првиот дел (теоретски дел) и на 25.07.2016 год. за вториот дел (практичен пример). За полагање беа пријавени 50 кандидати, првиот дел (теоретски дел) го положија 22 кандидати, од кои вториот дел (практичен пример) го положија 16 кандидати. До сега, вкупно 671 лице го имаат положено испитот и тие се имаат стекнато со Уверение за стручно лице за безбедност при работа.

### *Доктори специјалисти по медицина на трудот*

Докторите специјалисти по медицина на трудот се клучни чинители во процесот на развој медицината на трудот и здравјето и безбедноста при работа во земјата. Освен нив, во специфичните активности во медицината на трудот и безбедноста и здравјето при работа во РМ, вклучени се и инженери за заштита при работа, психолози, хемичари, физичари, биолози, технолози, медицински сестри/ техничари, лекари специјалисти од други области, но и други професионалци од областа.

Во овој процес се вклучени околу 80 добро едуцирани и обучени специјалисти по медицина на трудот, организирани преку Македонското здружение за медицина на трудот, како дел од Македонското лекарско друштво. Во таа насока, како приоритети се издвојуваат подобрувањето на образовниот процес и комуникациите, како и промоцијата и јакнењето на современиот пристап во едукацијата од областа на медицината на трудот на сите нивоа (додипломски и после дипломски) помеѓу различните целни групи.

### *Комптетенции на докторот специјалист по медицина на трудот*

Според документите на СЗО, Конвенциите на МОТ (161, 171), препораките на Меѓународната комисија за медицина на трудот и Директивите на ЕУ (93/16 ЕЕС), како и препораките на Глазговската Конференција посветени на компетенциите на специјалистот по медицина на трудот во ЕУ од 1997 год., новиот курикулум за специјализација по медицина на трудот вклучува три главни елементи на специфична едукација во доменот на медицината на трудот: знаења, вештини и однос.

Специјалистот по медицина на трудот треба да биде квалификуван за следното:

- процена на ризик на работното место,
- следење на условите во работната средина и контрола на работното место,
- следење на здравствената состојба на работниците (медицина базирана на докази),
- превенција, дијагностика, третман и рехабилитација на професионалните болести, болестите поврзани со работата и повредите при работа,
- оцена на работната способност,
- обезбедување на релевантни информации, совети, едукација и тренинг на работниците, работодавците, менаџментот, здравствените професионалци и законодавците во доменот на медицината на трудот и безбедноста и здравјето при работа,
- давање на совети за превентивните мерки и нивната имплементација за подобрување на безбедноста при работа,
- унапредување на здравјето на работното место,

- развивање на протоколи и процедури за справување со ургентни состојби, хаварии и несреќи при работа во претпријатијата,
- користење на научни и истражувачки принципи во областа на медицината на трудот,
- примена на легислативните акти и регулативата во медицината на трудот,
- менаџирање, планирање, организација и економика на службите за медицина на трудот (СМТ) и
- користење на мултидисциплинарен пристап во медицината на трудот и безбедноста и здравјето при работа.

### *Правни субјекти за вршење на стручни работи од областа на безбедност при работа*

За добивање на овластување за вршење стручни работи за безбедност и здравје при работа, формирана е Комисија, назначена од Министерот за труд и социјална политика и истата работи согласно Законот за безбедност и здравје при работа, Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Сл. весник на РМ“ бр. 37/08) и Правилникот за постапката и висината на трошоците за издавање на овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа на правно или физичко лице. Комисијата ги утврдува условите кај правниот субјект и дава соодветно мислење до Министерот за труд и социјална политика, кој што ги издава овластувањата. Комисијата започна со работа во месец мај 2010 год.

Во 2015 година има 48 правни субјекти кои ги исполнуваат условите за вршење на одредени или на сите стручни работи: 1. Проценка на ризик; 2. Концепт на изјава за безбедност; 3. Изработка и спроведување на обуки на вработените за безбедно извршување на работата; 4. Редовно тестирање и контрола на опремата за работа и 5. Вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности и на микро климатски услови во работна средина.

МТСП објавува список на правни субјекти кои добиле овластување за вршење на стручни работи за БЗР и список на правни субјекти на кои им е одземено овластувањето – дозволата за вршење на стручни работи за БЗР. Поради контрола на квалитетот на давањето услуги и исполнувањете на условите за кои што е добиена дозволата, ДИТ врши контролни инспекциски надзори, при што, поради утврдени неправилности, на 12 правни субјекти им е одземено овластувањето, претходно издадено од Министерот за труд и социјална политика.

## 2.1.7 Социјални партнери во БЗР

### Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)

Во Република Македонија, Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) е единствена репрезентативна организација на работодавачи од стопанството, која има легитимитет да преговара и да склучува Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и е единствена репрезентативна

организација на работодавачи од приватниот сектор што може да учествува во трипартитни тела за социјално партнерство (работодавачи, синдикати и Влада – Економско-социјален совет).

Вклученоста на Организацијата на работодавачи се однесува на теми во интерес на работодавачот, поврзани со образование, инфраструктура, општествена одговорност, безбедност и здравје при работа, трудова и социјална легислатива, оданочување, инвестирање, казнена политика и кредитирање.

Мисија на Организацијата на работодавачи на Македонија е креирање мерки и политики преку активно учество на работодавачите и унапредување на социјалниот дијалог со сите засегнати страни. Основните цели и задачи на Организацијата е да ги застапува интересите на работодавачите, воопшто, и посебно во социјалното партнерство, да се грижи за развој и остварување на правата и слободите на работодавачите, колективно договарање, склучување и спроведување на Општиот колективен договор за стопанство во РМ, како и колективни договори на ниво на дејности. Целта на ОРМ, меѓу другото, е подигнување на свеста на работодавачите за важноста на безбедноста и здравјето при работа, како и подигнување на јавната, бизнис и национална култура за превенција во областа на БЗР.

Според Организацијата на работодавачи на Македонија, досегашната примена на законската регулатива во безбедноста и здравјето при работа не го намалила бројот на повреди и несреќи на работните места, особено во земјоделството, градежништвото и преработувачката индустрија, каде бројот на повреди и несреќи е најголем.

Организацијата на работодавачи укажува на тоа дека е неопходна континуирана обука и усовршување на стручните лица за безбедност и здравје при работа во компаниите, како и примена на одредбите од директивите на ЕУ и мерките за подобрување на безбедноста и здравјето при работа.

### Организации на работници

Во Република Македонија постојат неколку синдикални организации како претставници на работниците, кои во своите агенди на делување ги вклучуваат и активностите кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа. Работниците, како најранлива алка во синџирот на безбедност и здравје при работа, имаат полно право и должност да бидат запознаени со сите мерки за заштита при работа и истите постојано да ги имплементираат. Нивните претставници за безбедност и здравје при работа се едни од клучните елементи во системот за безбедност и здравје при работа.

**Сојуз на синдикати на Македонија (ССМ)** е самостојна организација независна од власта и политичките партии. ССМ е социјален партнер и репрезентативен синдикат на национално ниво, како и репрезентативен синдикат во приватниот и во јавниот сектор. Тоа е организација во која доброволно и врз демократска основа се здружуваат синдикатите заради застапување на економските и социјалните интереси на членството кое брои повеќе од 67.000 и претставува еден од двата репрезентативни синдикати во Македонија. Генерална, стратешка цел на ССМ е обезбедување здрави и безбедни услови за работа, што ќе го сочуваат човековото

достоинство и неговото здравје на работното место. За ССМ значајно место има подигнувањето на свеста кај вработените, но и кај релевантните субјекти во државата, односно кај социјалните партнери, научните и стручните организации и институции, експертите, професионалците и невладиниот сектор за прашањата од областа на безбедноста и здравјето при работа. ССМ редовно учествува на годишните собранија на МОТ и дава мислења и забелешки за извештаите на Владата на РМ во врска со трудовите стандарди, како и за имплементацијата на конвенциите и препораките на МОТ.

Следејќи ја имплементацијата на Законот за БЗР во практиката, ССМ оцени дека е потребно поактивно вклучување на синдикалниот претставник во сите постапки за унапредување на здравите и безбедни услови за работа во компаниите. Како резултат на тоа ССМ во 2014 г реализираше кампањата „За сигурни работни места“ во чии рамки беше покрената иницијатива за измени на Законот за БЗР, во насока на активно учество на синдикалниот претставник покрај претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа во креирањето на здрави и безбедни услови во работните средини.

Иницијативата беше поддржана од социјалните партнери и во 2014 година беа донесени измени на Законот за БЗР кои претставуваа негово квалитетно подобрување во насока на унапредување на социјалниот дијалог и колективното договарање за овие прашања.

ССМ во рамките на спроведувањето на своите статутарни и програмски определби континуирано реализира обуки, семинари, конференции и кампањи со цел да се информираат и оспособат работниците и нивните претставници за реализирање на сите законски права и обврски во насока на подобрување на здравите и безбедни услови за работа во работните средини.

**Конфедерацијата на слободни синдикати** (КСС) е доброволна синдикална организација во која се здружени синдикати од јавниот и приватниот сектор во РМ, кои притоа формираат две федерации: Федерација за јавен сектор и Федерација за приватен сектор. КСС е самостојна организација, независна од власта, политичките партии, работодавачите и другите организации и интересни групи, формирана со цел за јакнење на активна улога на работниците како социјален партнер во државата. Една од основните задачи на КСС се поздрави и побезбедни работни места, како и унапредување на здравјето на работниците.

И покрај реализирани повеќе обуки, семинари и конференции, организирани кампањи во овој домен во последниве неколку години, со цел за адекватно информирање на работниците, се уште е неопходна интензивна работа во областа на БЗР со цел за зголемување на свесноста на работниците и промоција на здравје на работното место.

*Организациите на работодавачи и работниците* имаат мошне важна улога во системот на безбедност и здравје при работа.

### Економско-Социјален Совет

*Економско-Социјален Совет* е трипартитно советодавно тело кој што вклучува претставници од Владата, и репрезентативни претставници на работодавачите и синдикатите. Советот разгледува и прашања од доменот на безбедноста и здравјето при работа. Претставниците на работодавачите и работниците, исто така се членови и на Советот за безбедност и здравје при работа. Еден од клучните механизми на соработка во системот на безбедност и здравје на работа е социјалниот дијалог.

### Здруженија за БЗР

Здруженијата за безбедност и здравје при работа во Македонија се доброволни, невладини и непрофитабилни професионални асоцијации формирани со цел развивање на активности за унапредување на безбедноста и здравјето при работа и подобрување на условите за работа во Република Македонија.

**Македонското здружение за заштита при работа** (МЗЗПР) е првата професионална организација во Македонија која успешно работи во областа на безбедноста и здравјето при работа повеќе од 50 години. МЗЗПР е ILO/CIS Колаборативен центар за Македонија и FocalPoint на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EUOSHA). На национално ниво, организацијата е вклучена во сите дебати во делот на легислативата за заштита при работа и со свој претставник учествува во работата на Националниот Совет за безбедност и здравје при работа на Македонија.

Во текот на своето долгогодишно работење, Здружението има организирано голем број на проекти од областа на БЗР, меѓународни и домашни конференции, јавни расправи, различни форми на обука и голем број на едукативни настани за градење на професионални капацитети во областа на безбедноста и здравјето при работа. Како организација која успешно и професионално реализира многу БЗР тематски обуки, во септември 2015 година Македонско здружение за заштита при работа со Одлука на Министерството за труд и социјална политика е овластена за спроведување на стручно усовршување на стручните кадри за заштита при работа во Република Македонија.

Почнувајќи од 2010 година, континуирано, па се до денес, Македонското здружение за заштита при работа, како организатор, има реализирано вкупно 65 обуки – еднодневни и дводневни, 17 четири дневни обуки, Балканско Роуд шоу – каде МЗЗПР за временски период од 15 работни дена организираше дводневна обука во Македонија, Србија, Бугарија и Словенија, три Меѓународни конференции и учество на Светскиот конгрес за БЗР во Истанбул (2011) и Франкфурт (2014).

**Здружението 28-ми Април** е формирано во 2012 година со цел залагање за безбедни и здрави работни места, помалку повреди и несреќи преку пружање на стручна и техничка поддршка од областа на безбедноста при работа за сите заинтересирани страни. Со стекнувањето на овластување од Министерството за труд и социјална политика, од октомври 2015 година спроведува обуки за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа. Исто така, активно е и на полето на спроведување обуки за сите заинтересирани страни за темите од областа на БЗР на национално ниво, а беше и еден од организаторите на Меѓународната

конференција за регионална соработка за БЗР Бон-Тон, заедно со Македонско здружение за заштита при работа и Машински Факултет Скопје.

**Здружението за заштита при работа на Општина Битола** оваа година навршува 40 години од основањето. Здружението работи со индивидуални и колективни членови. Во рамките на своите активности се одржуваат трибини, обуки, семинари, работилници, стручна помош со цел да се насочат работодавачите и работниците околу примената на законските и подзаконските акти, со цел заштита на работниците и намалување повредите при работа. Секоја година се подготвува анализа на повредите при работа во битолското стопанство и споредбена анализа во последните три години.

**Македонско здружение за медицина на трудот**

Во областа на безбедноста и здравјето при работа, свои активности презема и Македонското здружение за медицина на трудот (МЗМТ). МЗМТ е професионална асоцијација на докторите специјалисти по медицина на трудот, како и другите доктори кои што се активни во доменот на медицината на трудот и безбедноста и здравјето при работа.

Здружението е активен член на Македонското лекарско друштво (МЛД) и претставува еден од клучните организатори на конгресите, семинарите, конференциите и работилниците во областа на медицината на трудот во Република Македонија. Здружението интензивно работи на развојот на службите за медицина на трудот, како и на тренингот, едукацијата и истражувањата во областа на медицината на трудот.

Како резултат на интензивната соработка со Лекарската комора на Македонија (ЛКМ) и МЛД, во изминатиот период, МЗМТ успешно организираше различни форми на континуирана медицинска едукација за докторите специјалисти по медицина на трудот, посветени на различни теми од интерес. МЗМТ заедно со МЗЗПР во 2013 година ја организираа работилницата на тема: „Улогата на специјалистот по медицина на трудот во проценка на ризикот на работното место”, која што беше акредитирана од страна на ЛКМ. Во рамките на континуираната медицинска едукација на докторите специјалисти по медицина на трудот, во последниве неколку години одржани се голем број работилници, посветени на: актуелните предизвици и новини во медицината на трудот во Р. Македонија, минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем, болестите предизвикани од азбест, мускулоскелетните болести поврзани со работата, стресот поврзан со работата, синдромот на согорување, мобингот на работното место и професионалните кожни болести.

Претставници од МЗМТ зедоа активно учество на Меѓународната конференција-Безбедносен инженеринг во функција на подобрување на условите за работа, организирана од страна на Здружението за безбедност при работа „28-ми Април“, Сојузот на стопански комори на РМ, Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Машинскиот Факултет, а под покровителство на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство.

Во 2013 година, во рамките на одбележувањето на 10 години од основањето на Колаборативниот центар на Светската здравствена организација (СЗО) при Институтот за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје, беше одржан едукативен Состанок посветен на развојот на Национална програма за елиминација на болестите предизвикани од азбест.

Во организација на МЗМТ, во октомври 2016 година во Скопје беше одржан Вториот Македонски конгрес за медицина на трудот со меѓународно учество, чие што мото беше „Работиме заедно за здравјето на работниците". Истата година, МЗМТ заедно со Специјалистичкото здружение на лекарите по социјална медицина со организација на здравствената дејност, Здружението на докторите специјалисти по хигиена и здравствена екологија, Здружението на микробиолозите на Македонија и Здружението на епидемиолозите на Р.Македонија, активно учествуваше во организацијата на Деновите на превентивна медицина во Р.Македонија со мото „Здравје за сите - Сите за здравје".

Како резултат на активностите на членовите на Македонското здружение за медицина на трудот во насока на промоција на значењето на донесување на легислативен акт за подобрување на квалитетот на услугите во медицината на трудот и унапредувањето на здравјето на работниците, во мај 2013 година, донесена е Уредбата за Мрежата на медицина на трудот од страна на Владата на РМ („Сл. весник на РМ" бр. 67/13).

### 2.1.8 Образование

Програмите на образованието, во кои е вклучена безбедноста и здравјето при работа, претставуваат основа за развој и унапредување на областа. Во РМ постојат високо образовни институции кои спроведуваат студиски програми на сите нивоа, од областа на безбедност и здравје при работа. Првите интердисциплинарни студии од областа на заштита при работа се основани во 1989 година на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со вкупно запишани 349 студенти, од кои дипломирале 132 инженери по заштита при работа.

Во табела 2. е прикажана состојбата на Универзитетите во РМ кои спроведуваат студиски програми од областа на БЗР. Студиските програми се развиени за сите три циклуси на образование: додипломски, последипломски и докторски студии.

Поради исклучителната мултидисциплинарност на областа, студиските програми вклучуваат познавања од различни области, градејќи профил на инженер кој што може најпрофесионално да одговори на предизвиците на современото работење. Сепак, евидентна е потребата од вклучување на поголем број на студенти на овие студиски насоки, со оглед на потребите на пазарот на трудот.

Парадоксално е што во моментов сите завршени инженери од областа на БЗР немаат можност да работат како стручни лица поради ограничувачки услов од работно искуство од 5 години, за полагање на стручниот испит. На овој начин, академските

студии се потценети во однос на стручниот испит за БЗР, а на младите високо образовани кадри им е оневозможено да работат во областа во која се едуцирале.

Покрај продуцирањето на квалитетен инженерски кадар, поради подигнување на свеста кај најмладите за важноста за сопственото здравје и безбедност, неопходно е оваа област да биде застапена и во програмите на основното и средното образование. На тој начин, учениците ќе бидат запознаени со ризиците при работа со кои што можат да се соочат во текот на работниот век и од најрана возраст да ја увидат неопходноста од развој на култура на безбедно работење. За таа цел, потребно е да се вклучи областа на безбедноста и здравјето при работа во школските програми, предвидени со Законот за основно образование и Законот за средно образование.

Покрај едукација на учениците и студентите, со Законот за безбедност и здравје при работа на РМ, предвидена е континуирана едукација на стручните лица за безбедност при работа. На тој начин, стручните лица ги прошируваат своите знаења од областа, додавајќи нова вредност на системите за БЗР, имплементирани во нивните компании. Начинот на реализација на обуките и критериумите за предавачите и слушателите се регулирани во Законот за БЗР.

Особено значајно, во делот на неформалното образование, треба да се нагласи улогата на здруженијата за безбедност при работа во РМ, кои со свои програми континуирано вршат едукација на стручните лица за безбедност при работа, во насока на одржлив развој на системите за БЗР во нашите компании (одржани 34 обуки на теми од рударството, градежништвото, мобингот и стресот, личните заштитни средства, методологиите за проценка на ризик при променливи услови на работа, хемиските штетности, нејонизирачкото зрачење, ергономските работни услови, работата на отворено и др.). Исто така треба да се нагласи и улогата на синдикатите, особено улогата која ССМ ја има во едукацијата на синдикалните претставници и работниците воопшто за целосно остварување на законските права и обврски и за унапредување на здравите и безбедни услови за работа.

| Универзитет: „Св. Кирил и Методиј“ Скопје | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет: Машински факултет, Скопје<br><br>Адреса: Карпош IIП.фах 464 1000 Скопје | | | | | | | |
| Циклус на студии | *Назив на програмата* | *Година на прва акредитација* | *Времетраење на студиите (во семестри)* | *Број на кредити* | *Стекната титула (точен назив)* | *Број на запишани студенти (вкупен број од првата акредитација)* | *Број на завршени студенти (вкупен број од првата акредитација)* |
| *Студии I циклус* | Заштита при работа | 1989 | 8 | | Инженер по заштита при работа | 349 | 132 |
| *Студии II циклус* | Управување со системи за безбедност и здравје при работа | 2012 | 4 | 120 | Магистер по технички науки од областа на безбедност при работа | 43 | 10 |
| *Студии III циклус* | Докторска школа | 2012 | 6 | | Доктор по технички науки | 2 | |

| Универзитет: Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин“ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет: Факултет за безбедносно инженерство<br>Адреса:Ул. „Маршал Тито“ 77 2220 Свети Николе Р. Македонија | | | | | | | |
| Циклус на студии | *Назив на програмата* | *Година на прва акредитација* | *Времетраење на студиите (во семестри)* | *Број на кредити* | *Стекната титула (точен назив)* | *Број на запишани студенти (вкупен број од првата акредитација)* | *Број на завршени студенти (вкупен број од првата акредитација)* |
| *Студии I циклус* | Безбедност при работа | 2012/2013 | 6 | 180 | Дипломиран инженер за безбедност при работа | 240 | 54 |
| *Студии II циклус* | Безбедност при работа | 2012/2013 | 4 | 120 | Магистер за безбедност при работа | 114 | 25 |
| *Студии III циклус* | Нема | | | | | | |

| Универзитет: Универзитет „Гоце Делчев” Штип | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет: Машински факултет Штип<br><br>Адреса:<br>Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А<br><br>Пош. фах 201, Штип - 2000, Р.Македонија | | | | | | | |
| Циклус на студии | *Назив на програмата* | *Година на прва акредитација* | *Времетраење на студиите (во семестри)* | *Број на кредити* | *Стекната титула (точен назив)* | *Број на запишани студенти (вкупен број од првата акредитација)* | *Број на завршени студенти (вкупен број од првата акредитација)* |
| *Студии I циклус* | | | | | | | |
| *Студии II циклус* | Инженерство на работна средина | 2011 | 2 | 60 | М-р на технички науки – инженерство на работна средина | 21 | 2 |
| *Студии III циклус* | | | | | | | |

Праксата покажува дека неопходно е интегрирање на промоцијата на БЗР во образованието. Образованието за БЗР треба да биде нераздвоен дел од наставната програма во училиштата и во високообразовните институции. Потребно е да се креираат програми за безбедност и здравје за децата од предучилишна возраст. Покрај за децата од предучилишна возраст, во соработка со образовните институции и работодавачите, потребно е да се реализира кампања за едукација на учениците од основните, средните училишта и студентите од областа на БЗР. Несоодветните програми за образование може да бидат еден од факторите кои негативно влијаат врз состојба во областа на БЗР. Во образовниот систем на РМ постојат високообразовни институции кои едуцираат кадри од областа на БЗР во студиските програми. Безбедносно инженерство при работа, на ниво на основните академски и основни стручни студии (180 ЕКТС-кредити), магистерски академски студии, специјализирани академски и специјалистички професионални студии (240-300 ЕКТС - кредити) и други академски студии. А, исто така не помалку важни во областа на БЗР се и докторите специјалисти по медицина на трудот, кои како кадри, исто така, се едуцираат во РМ. За овозможување напредок и развој на БЗР, неопходно е и зголемување на бројот на стручни кадри, како од областа на безбедносното инженерство, така и од областа на медицината на трудот. Едукација и тренинг во областа на безбедност и здравје при работа, се спроведува во повеќе образовни институции, тренинг центри и професионални здруженија, преку различни едукативни форми, наменети за различни профили.

*Медицински факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Катедра за медицина на трудот*

Катедрата за медицина на трудот е конституирана како самостојна Катедра на 25.09.2001 год. после раздвојувањето на заедничката Катедра за хигиена и медицина на труд. Во текот на повеќедецениското постоење, историјатот на Катедрата за медицина на трудот е поврзан со основањето на заедничката Катедра за хигиена со социјална медицина и медицина на трудот од која во 1991 година се формира Катедрата за социјална медицина. Добивањето на целосна самостојност на Катедрата за медицина на трудот во 2001 година се покажа како извонредно важно за креирање на сопствени кадровски, едукативни и научноистражувачки капацитети. Институтот за медицина на трудот на РМ, Колаборативен центар на СЗО е наставна база на Медицинскиот факултет од областа на медицината на трудот и од 2005 год., преку Катедрата за медицина на трудот, е рамноправен член на EASOM (European Association of Schools of Occupational Medicine).

Во рамките на Универзитетот »Св. Кирил и Методиј», Медицински факултет, преку Катедрата за медицина на трудот со седиште во Институтот за медицина на трудот на Република Македонија се спроведува наставно-образовната дејност по Европски кредит-трансфер систем (ЕКТС), во областа на медицината на трудот, за сите три циклуси (додипломски, магистерски и докторски студии) на Општа медицина, како и за студиските програми (додипломски студии) за

физиотерапевти, логопеди и на Високата школа за медицински сестри, а во согласност со Законот за високо образование од 2007 год.

Предметот Медицина на труд е задолжителен предмет за студентите по Општа медицина и се изведува во X семестар со вкупно 45 часа и во XI и XII семестар со 20 часа во рамките на предметот Клиничка пракса по јавно здравство. Во летниот семестар 2005-2006 год. за прв пат од постоењето на Катедрата, предметот Медицина на труд се изведе како самостоен предмет.

Во курикулумот на Тригодишните стручни студии за дипломирани медицински сестри и медицински техничари, Катедрата е вклучена со настава во рамките на предметот Јавно здравство со епидемиологија и биостатистика, заедно со Катедрата за социјална медицина и Катедрата за епидемиологија и биостатистика. Исто така, Катедрата е одговорна за реализација на предметот Медицина на труд и ергономија за студентите на Тригодишните стручни студии за дипломирани физиотерапевти и предметот Медицина на труд на Тригодишните стручни студии за дипломирани логопеди на Медицинскиот факултет во Скопје.

Предметот Медицина на трудот е вклучен и во курикулумот на магистерските и докторските студии од областа на Јавното здравство (задолжителен предмет со 28 часа - 2 кредита), а Катедрата учествува во оваа настава и со три изборни предмети според критериумите на ASPHER (Association of Schools of Public Health in European Region).

Наставата, на сите нивоа на едукација, во последните години е осовременета со поголемо индивидуално ангажирање на студентите, интерактивност, промотивни предавања, демонстрации, користење на интернет, изработка на постер презентации, работа во мали групи, прикажување на случаи и др. и претставува одлична база за апликација на ЕКТС.

Во периодот 2007-2016 год. членовите од Катедрата учествуваа во додипломската настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при УКИМ и на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во рамките на интерфакултетската соработка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, дел од наставниците веќе пет години се вклучени во реализацијата на студиската програма од втор циклус студии Управување со системи за безбедност и здравје при работа, на Машинскиот факултет.

Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет е задолжена за реализација на новата програма за Специјализација по медицина на трудот, во траење од 4 години, хармонизирана со барањата на ЕУ (Правилник за специјализации и субспецијализации, „Сл. весник на РМ“ бр. 8/06). Според новата Програма за специјализација по медицина на труд, од 2007 година до денес, професионалната заедница на медицината на трудот во Република Македонија се здоби со 22 нови специјалисти, а актуелно нови 16 доктори се во тек на специјализација по медицината на трудот.

Катедрата учествува и во континуираната медицинска едукација на докторите од различни специјалности, како и во промоција на активностите на СЗО и МОТ,

преку организација на повеќе семинари, работилници и обуки на различни теми од интерес за различни таргет групи. Во 2005 год., Институтот за медицина на трудот, Колаборативен центар на СЗО, е избран за рамноправна членка на EASOM (European Association of Schools of Occupational Medicine), со што се обезбедува интернационална рамка на современата едукација во областа на медицината на трудот.

Во рамките на своите научно-истражувачки активности, членовите на Катедрата по медицина на трудот во периодот 2007-2016 год. учествуваа во околу 20 научно-истражувачки проекти и проектни активности во земјава и странство. Во наведениот период под менторство на наставниците од Катедрата изработени се пет докторски дисертации и 11 магистерски тези. Во последните десет години Катедрата за медицина на трудот има богата и разновидна публицистичка дејност, во која секако, најголемо значење во овој период има издавањето на двата учебника по медицина на трудот наменети за студентите на додипломски, магистерски и докторски студии на Медицинскиот факултет, специјализантите, доктори специјалисти по медицина на трудот и други професионалци од областа на безбедност и здравјето при работа.

*Машински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје*

На Машинскиот факултет во Скопје се реализираат сите три степени на образование: додипломски, последипломски и докторски студии.

Дипломираните машински инженери се оспособени да ги препознаат потребите и проблемите со кои се соочува индустрискиот сектор, како и со знаење и компетенции за изнаоѓање на оптимални решенија за имплементација, одржување и подобрување на системите за БЗР. Преку студиските програми машинските инженери се стекнуваат со познавања од областа на машините, технологиите и алатите во индустријата, експлоатацијата и одржувањето на машините и системите, транспортните уреди и механизационите машини, термичките машини и постројки, хидротехниката и автоматиката, енергетските постројки, мехатроничките системи, одржувањето и испитувањето на машините итн. На студиската програма од втор циклус на студии за: Управување со системи за БЗР, младите магистри по технички науки од областа на безбедност при работа се стекнуваат со генерални и специфични компетенции со кои се поконкурентни на пазарот на трудот. Покрај тоа, Машинскиот факултет во Скопје е лидер во процесот на континуирана едукација на стручните лица за безбедност при работа преку учество на низа семинари и работилници насочени кон надополнување на знаењата и практичната примена на современи научни методи. Во насока на меѓународната соработка и промоција на истражувањата и достигнувањата во областа на БЗР, Машинскиот факултет е организатор на повеќе меѓународни конференции со завидно учество на научните работници, експерти и стручни лица од областа.

*Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе* годинава ја има својата втора генерација дипломирани студенти на две насоки, и тоа: Безбедност при работа и Безбедност од пожар. Факултетот овозможува едукација на стручни лица за безбедност и здравје при работа, како и безбедност од пожари, со цел поефикасно и поуспешно имплементирање на европското законодавство во областа на безбедноста и здравјето на работниците при работа. Академската титула на додипломските студии е Дипломиран инженер за безбедност при работа, како и Дипломиран инженер за безбедност од пожари, додека академската титула на последипломските студии е Магистер за безбедност при работа, како и Магистер за безбедност од пожари.

*Техничкиот факултет во Битола при Универзитетот «Св. Климент Охридски» – Битола* континуирано ги следи промените во опкружувањето и со своите активности се прилагодува кон барањата што произлегуваат од тие промени. Студиската програма по Инженерството за заштита на животната и работна средина на Машинскиот отсек е конципирана така да обезбедува стекнување на компетенции кои се општествено оправдани и корисни. Техничкиот факултет ги има дефинирано основните задачи и цели на образование на високо компетентни кадри од областа на техниката. Студиската програма по инженерството за заштита на животната и работна средина е во согласност со основните задачи и цели на Техничкиот факултет. Наставната програма предвидува заеднички четири (4) семестри, а потоа се дели на два модули: модул А – инженерство за заштита на животната средина и модул Б – инженерство за заштита на работната средина.

*Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот «Гоце Делчев» во Штип* - обезбедува високи знаења за најсовремените трендови во технологијата и индустријата. Преку студиската програма Инженерство на животна средина, на студентите како идни вработени им се нудат знаења и способности кои ќе ги донесат на врвот во современата индустрија, како и стекнување со високи компетенции, релевантни не само на домашниот, туку и на меѓународниот пазар на трудот.

### 2.1.9 Промоции на БЗР, кампањи, одбележување на денот на БЗР

Со цел за подобрување на безбедноста и здравјето на работа и поддршка на здрави и безбедни работни места, неопходно е спроведување на различни промотивни активности од сите клучни партнери во системот за БЗР, во која улогата на граѓанското општество како коректив и двигател на насочени политички акции, особено е значајна.

Во периодот од 2010 до сега - јуни, 2017 година, здруженијата за безбедност и здравје при работа, социјалните партнери во соработка со релевантните институции, организираа различни промотивни активности, проекти и кампањи за промоција на безбедноста и здравјето при работа во Република Македонија.

Така во 2011 година, Македонско здружение за заштита при работа беше организатор на успешно спроведената Меѓународна конференција на тема: "Системи за управување со БЗР со домашни и меѓународни експерти и учесници", во Битола беше одбележан Светскиот ден за БЗР, во април 2011, со организирање на трибина на која учество зедоа претставници од граѓанските организации, општина Битола и останати локални социјални партнери.

Здруженијата за безбедност и здравје при работа, социјалните партнери и релевантните институции под мотото: „Промовирање безбедност и здравје во зелена економија" - го одбележа Светскиот ден за БЗР 28-ми април во 2012 година во Битола на кој беа презентирани и најважните соработки и активности, поздравени и од МОТ. Во рамките на Европската недела во октомври беа организирани низа настани од страна на МЗЗПР, а беше промовирана и EU-OSHA кампањата Здрави работни места 2012: „Работиме заедно за превенција од ризик".

Во оваа активност во 2012 година, се вклучи и Институтот за медицина на трудот на РМ, СЗО Колаборативен центар, со објавување брошура со тема за превенција од ризици на работното место со главна цел намалување на повреди при работа и професионални болести.

Во 2013 година, во рамките на 2-та меѓународна конференција на Македонско здружение за заштита при работа од 25 до 28 април на тема: „Национални стратегии за БЗР", беше одбележан и настанот 28-ми април со промоција на кампањата „Превенција на професионални заболувања". Тркалезна маса на тема: „Придобивки од промоција на културата од безбедно работење на национално и регионално ниво" беше организирана во рамките на Европската недела за БЗР во месец октомври со споделување на искуства ширум Европа.

Во 2014 година здруженијата за безбедност и здравје при работа во соработка со социјалните партнери, образовните институции и релевантните државни институции го одбележаа Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април. Тема на кампањата беше „Безбедност и здравје при работа при употреба на хемиски супстанци". Во насока на промоција на безбедноста и здравјето при работа во Република Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) организираше собир по повод Први Мај, Меѓународниот ден на трудот на кој ја промовираше на кампањата: „ЗА СИГУРНИ И БЕЗБЕДНИ РАБОТНИ МЕСТА." За време на одбележувањето на Европската недела во Октомври МЗЗПР ја презентираше EU-OSHA кампањата за Управување со стресот, а Институтот за медицина на труд на РМ од своја страна организираше посебна работилница за доктори специјалисти по медицината на трудот на оваа тема.

Во 2015 година беше одбележан Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април, и беше промовирана кампањата на тема „Вклучи се во градење култура за превенција за БЗР" со цел подигнување на свеста на работниците, работодавачите и на целокупното општество на меѓународно ниво за безбедноста и здравјето при работа. Во февруари 2015 година Македонско здружение за заштита при работа организираше регионалната конференција за безбедност и здравје при работа на тема „Граѓански организации како активни социјални актери во промоција на стандарди за БЗР" која даде искуства и пренесе добри практики во имплементирањето на БЗР стандардите на национално и регионално ниво преку учеството на земјите од регионот.

Исто така, во рамките на Европската недела за безбедност и здравје при работа беше промовирана кампањата на Европската агенција за безбедност и здравје при работа на тема: Да работиме заедно на справување со стресот. Во октомври 2015 година од страна на Македонско здружение за заштита при работа, Здружението 28-ми Април и Машинскиот факултет од Скопје беше организирана и одржана Првата Меѓународна конференција за регионална соработка БОН-ТОН во БЗР.

Советот за безбедност и здравје при работа во РМ, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа за прв пат го организираше одбележувањето на Светскиот ден за БЗР - 28ми април 2016, посветен на главната тема – „Стресот и работа", со што беше промовирана кампањата за борба против стресот. Во оваа прилика беа свечено доделени годишните национални награди на компании со најдобра практика во БЗР во РМ, за 2015 година.

Советот за БЗР и оваа година 2017, со поддршка на Меѓународната организација на трудот (МОТ), го одбележа 28 април, Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, со организирање стручен настан-интерсекторски Форум посветен на темата на овогодинешната МОТ кампања „Подобрување на собирањето и користењето на податоците во безбедност и здравје при работа". Фокусот на кампањата на Светскиот ден за безбедност и здравје при работа 2017, е насочен кон потребата за подобрување на капацитетите на земјите во собирањето и користењето на точни, објективни и сигурни податоци важни за безбедност и здравје при работа. Акциите на кампањата се засилени со целите на одржлив развој на Агендата на ООН 2030, која е потпишана и од страна на нашата држава. Учесниците на Форумот упатија повик на акција кон сите клучни партнери во државата - релевантни министерства и агенции, социјални партнери, стручни и научни институции и професионални асоцијации, но и невладиниот сектор за интензивирање на интерсекторски активности за адекватно собирање и користење на податоците во областа на БЗР, кои треба да помогнат во откривање на нови професионални ризици, идентификација на ризични сектори и дејности, развој и примена на превентивните мерки како и да обезбедат имплементација на политики и програми за безбедност и здравје при работа на национално ниво и на сите работни места.

Сојузот на синдикатите на Македонија, во последниот период беше активно вклучен во повеќе проекти како што се оние насочени кон подобрување на политиките и националните законодавства за безбедност и здравје во земјите од Западен Балкан преку проектот „Европски мостови на соработка за безбедност и здравје при работа“, 2011-2012, финансиран од ЕК, како и преку проектот WIM „Вклучување на работниците за подобро и одржливо управување во претпријатијата во: Словенија, Македонија, Црна Гора и Србија“ 2012-2013, поддржан од европскиот социјален партнер: Businesseurope, со истакнување на улогата на социјалните партнери во приспособувањето и модернизацијата на законската регулатива за поинтензивно вклучување на работниците насочено кон подобро и одржливо управување во претпријатијата.

Во 2016 година Сојузот на Синдикатите на Македонија во соработка со Македонското здружение за заштита при работа во рамките на проектот - „Зајакнување на партнерствата на граѓанското општество и државните институции во креирање и унапредување на правото за безбедна и здрава работна средина - Основно човеково право“ одржаа 10 работни состаноци во општините низ Републиката. Средбите имаа за цел да се види колку работниците се запознаени со работата на претставникот на вработените за БЗР и улогата на претседателот на синдикат за унапредување на здравите и безбедни услови за работа. Податоците добиени од реализацијата на активностите на проектот говорат дека во компаниите каде што има формирано синдикална организација, претставникот на вработените за БЗР и претседателот на синдикат непречено и целосно ги извршуваат своите права и обврски од аспект на БЗР согласно закон, како и дека вработените се запознаени со основните принципи и одредби содржани во законот за БЗР.

Институт за медицина на трудот на РМ, СЗО Колаборативен центар во период од 2010 година до денес, успешно спроведува повеќе значајни промотивни активности од областа на здравје и безбедност при работа, со организирање на едукативни интерсекторски состаноци, трибини и работилници на национално и меѓународно ниво (СЗО Мрежа на ЈИЕ за здравјето на работниците со претставници на 9 земји од Југоисточна Европа). Во фокус на промотивните активности се вклучени повеќе важни теми од интерес за здравјето на работниците како што се професионална експозиција и елиминација на болестите предизвикани од азбест, спроведување превентивни прегледи и промоција на здравје кај земјоделците и невработените лица како вулнерабилни групи работници, кампања за заштита од штетните ефекти од екстремни температури – последица на климатските промени како што се топлотни или студени бранови, заштита од штетното влијание на УВ зраци кај работници кои работат на отворено, проблемот на мускуло-скелетните болести, превенција и управување со стрес на работа итн.

*Користени документи*

- Конвенцијата на МОТ бр.81 (1947год.), Конвенцијата на МОТ бр.155 (1981год.), Конвенцијата на МОТ бр.161 (1985год.), Конвенцијата на МОТ бр.167 (во 1988год.), Конвенцијата на МОТ бр.187 (2006год.)-ратификувани МОТ конвенции во РМ, во доменот
- Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, Division for Sustainable Development, Department of Economic and Social Affairs, UN, 2015

- EU framework for health and safety at work 2014-2020, EC Communication, (COM(2014)0332)

- Европски столб на социјални права (*The European Pillar of Social Rights*) април 2017 год.

-Health 2020: a European policy framework supporting action across government and society for health and well-being,World Health Organization, 2012

-WHO Global Action Plan for Workers Health 2008-2017, World Health Organization, 2008

- Извештајот на Европската комисија за Р.Македонија, во делот на БЗР (поглавје 3.19), ноември, 2015; ноември, 2016 година

- Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/14, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16),
- Законот за здравствена заштита („Сл. весник на РМ“ бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 7/08, 67/09, 88/10, 43/12, 145/12, 10/13, 87/13, 132/13, 164/13, 39/14, 43/14, 10/15, 61/15, 154/15, 17/16, 37/16),
- Законот за здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр.19/11, 65/12, 16/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 129/15, 150/15, 154/15, 217/15, 37/16),
- Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 173/15, 217/15, 27/16),
- Закон за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16) и
- Закон за инспекција на трудот („Сл. весник на РМ“ бр.35/97, 164/13, 147/15